**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ – СКОПЈЕ**
**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**
**ИНСТИТУТ ЗА ИСТОРИЈА**
**НАСОКА АРХИВИСТИКА**

**МАГИСТЕРСКИ ТРУД**

# АРХИВСКАТА ДЕЈНОСТ ВО БРЕГАЛНИЧКАТА ЕПАРХИЈА ОД 1958 ДО 1991

**Ментор:** **Кандидат:**
**Проф. д-р Борче Илиевски** **Елена Милева**

**Скопје, 2019**

# Содржина

Предговор-----------------------------------------------------------------------3
Вовед-----------------------------------------------------------------------------5
I. Архивистиката како наука---------------------------------------------------8
II. Историски развој на архивите како установи-----------------------------23
III. Развојот на архивистиката во Македонија по 1945 г.--------------------31
IV. Црковните прилики на просторот на денешната Брегалничка епархија во периодот од 1912 до 1941 година--------------------------43
V. Македонското црковно прашање во периодот од 1941-1967------------55
VI. Архевската дејност во Брегалничкиот регион----------------------------88
VII. Архив на Брегалничката епархија-------------------------------------91
VIII. Архевски материјали за Брегалничката епархија во надлежност на ДАРМ – Одделение Штип-----------------------------------------------99
Заклучок------------------------------------------------------------------------108
Работна библиографија-------------------------------------------------------110

# Предговор

Непосреден повод за мојата тематска определба произлезе од личниот интерес за развитокот на архивската дејност во Брегалничкиот регион како мое постојано место на живеење и дејствување и сознанијата што ги стекнав во текот на постдипломските студии. Од консултациите со професорите по историја и архивистика на овие предавања дојдов до сознанија дека архивистиката во Република Македонија е релативно млада научна дисциплина и нејзиниот развиток е во тесна врска со развојот на МПЦ.

Како една меѓурегионална институција Брегалничката Епархија е единствен орган кој континуирано дејствувал во овој регион и создавал документарен и архивски материјал кој е значаен не само за локалната историја, туку има огромно значење и за националната историја.

Архивистиката како дејност во Брегалничката Епархија се развива паралелно со црковната дејност во овој регион. Имено создавањето на документите и архивите е тесно поврзано со секојдневните потреби на човекот. Архивскиот материјал на еден народ не е само негова историја, туку најверодостојно сведоштво за сите постигања и успеси, но и неуспеси, падови и заблуди низ кој поминува една држава и народ во својот развоен пат.

Собирајќи го, чувајќи го, заштитувајќи го, а потоа и објавувајќи го архивскиот материјал, Брегалничката Епархија не само што ги расветли своите права, туку ги расветли и заштити правата на македонската нација во овој регион а и пошироко.

Основната цел е да се направи анализа на работата на Архивот при Брегалничката Епархија, а со тоа би се презентирал периодот кога се поставуваат темелите на архивската дејност во овој регион.

Сметам дека со обработката на оваа тема ќе дадам личен допринос во нејзиното расветлување за кое досега не е работено и писмено елаборирано.

Со сеопфатна посветеност и истражување на архивскиот материјал создаден со работењето на Брегалничката Епархија, на поширокатa јавност ќе и се презентираат податоците за почетоците и развојот на архивската дејност во Брегалничкиот регион.

Преку презентирањето на податоците и сознанијата кои ќе бидат изнесени во овој труд, истите ќе бидат во функција на потребите на државните институции и научните работници од областа на историјата, социологијата, образованието, географијата, културата, публицистиката и другите сегменти на општествено-политичкото и економско живеење на Брегалничкиот регион и пошироко.

# Вовед

Архивскиот материјал со својот статус на споменик на култура, претставува дел од културното наследство на секоја современа национална заедница.

Создавањето на документите и архивите е тесно поврзано со секојдневните потреби на човекот.

Државните и човековите заедници, било на кој степен на својот развиток секогаш ја чувствувале и негувале потребата од документи и архиви.

Архивот на еден народ не е само негова историја, негово огледало, туку најверодостојно сведоштво за сите постигања и успеси, но и на сите неуспеси, порекувања и заблуди низ кој поминува една држава во својот развоен пат.

Архивистиката, како дел од историската наука со примена на научни определби и методи, има основна цел, преку заштитата на архивскиот материјал, да го овозможи неговото непречено користење за потребите на науката, општествената заедница и граѓаните.

Со нивна помош, од повеќе агли, подобро се осветлуваат разновидните појави и многубројните состојби во стопанскиот, општествено – политичкиот и културниот развој. Без пишаните документи историските науки ќе останеа без бројни докази, а тоа ќе допринесеше да дел од земјите и народите да не го дознаеја својот корен и своето минато.

Користејќи ги податоците од пишаните документи, како релевантни извори без кои не може да се пристапи кон научното о објективно прикажување на минатото, тие не само што го документираат историскиот, културниот и економскиот развој на една земја, туку создаваат база на национален идентитет, а се исто така и базичен извор за евиденција потребна за обезбедување на правата на секој граѓанин.

Имајќи го пред себе сето погоре кажаното, се констатира дека архивската дејност има огромно значење за развој на историската наука воопшто.

Развитокот на архивската дејност во Брегалничкиот регион е тесно поврзана со развојот на Брегалничката епархија која во контунуитет не само што создаваше, туку и собираше и чуваше архивски материјал, а со тоа го поставуваше темелот на денешниот современ архив и современа архивска дејност. Со нејзина помош од различни страни подобро се расветлуваат разновидните појави и многубројните состојби во стопанскиот, општествено-политичкиот и културниот развој. Без пишаните документи историските науки ќе останеа без бројни докази, а тоа ќе доведеше до непознавање на својот корен и минато.

Брегалничката епархија, која е наследничка на Злетовско-Струмичката епархија, е една од најстарите епархии во Македонската православна црква. Истата под името Злетовско-Струмичка, постоела и во периодот кога македонскиот народ бил под бугарско и српско ропство. Под истото име постоела и во периодот на возобновувањето на Охридската архиепископија во лицето на Македонската православна црква се до 1980 година, кога со одлуката на Светиот архиерејски синод на Македонската православна црква е преименувана во Штипска. Во 1989 година, исто така со одлуката на Светиот архиерејски синод, а која е потврдена и од Црковно-народниот собор, одржан на 31 октомври и 1 ноември 1994 година, е преименувана во Брегалничка епархија.

Територијалната распространетост на Злетовско-Струмичката епархија била на Штипскиот, Кратовскиот, Беровскиот, Делчевскиот, Радовишкиот, Струмичкиот, Валандовскиот, Гевгелискиот, Кавадаречкиот, Неготинскиот, Кочанскиот и Свети Николскиот регион.

Прв архиерej на оваа Епархија, во возобновената Македонска православна црква црква е митрополитот Злетовско-струмички г. Наум, кој бил на чело од 1959-1977година. Од 1977-1979 година со Епархијата администрирал митрополитот Дебарско-кичевски г. Ангеларij, а од 1979-1986 година со Епархијата раководел епископот Тивериополски г. Горазд.

На 20 јули 1986 година, на тронот на оваа Епархија е востоличен Неговото Високопреосвештенство митрополитот Американско-канадски и администратор на оваа Епархија г. Стефан, кој во 1989 година, со одлуката на Светиот архиерејски синод на Македонската православна црква е поставен за надлежен архиереј со титулата Митрополит Брегалнички.

Седоиштето на Епархијата отсекогаш било и е во Штип, Соборниот храм „Свети Никола“, каде што се наоѓаат и административните простории, кои ќе претставуваат предмет на истражувањето, со посебен осврт на Архивот при Брегалничката Епархија.

Главните прашања, на кои ќе се обидам да дадам одговор се: колку е богат Архивот при Брегалничката Епархија по број и содржина, каков е приемот на архивскиот материјал, во какви просторни услови се работи, на каков начин се врши средувањето и обработката на архивскиот и документарен материјал, ќе се разработи стручната библиотека, ќе се направи увид во тоа дали и колку е користен Архивот од државни институции, стручно-научни институции и поединци.

Ќе бидат опфатени и економските, политичките и стопанските прилики во Брегалничкиот регион, како и развојот на Брегалничката Епархија опфаќајќи ја нејзината територијална надлежност, називот и кадровското раководство.

Институциите со коишто соработувам и од коишто ги црпам податоците и истражувам архивските материјали се: Архивот при Брегалничката Епархија, Државниот Архив на Р.М.-одделение Штип, Музејот на град Штип и Универзитетската Библиотека „Гоце Делчев“-Штип.

# I. Архвистиката како наука

## I.1. Поим и значење на архивистиката

Документите се неразделен сопатник на човекот повеќе илјади години. Тие се негово средство за означување на некакви информации, средство за комуникација помеѓу одделните членови на општеството но и средство за комуникација меѓу општествените структури. Документите се најстарите пишани споменици во историјата на човечката култура. Неопходноста од документирање (забележување) на настаните од пошироко општествено значење довело до појавата на писменоста. Најстарите документи кои доспеале до нас потекнуваат од петото и четвртото илјадалетие п.н.е. Многу подоцна со ширењето на писменоста меѓу населението документите започнале да добиваат и определено значење во приватниот живот на луѓето.

Латинскиот збор “documentum” значи докажување на нешто “свидетелство” и со тек навреме го задржал првичното правничко значење. Денес како “документ” се означува секој материјален објект кој фиксира или потврдува некакви знаења и може да биде вклучен во некаква збирка.[1]

Документите во изворната смисла на зборот исполнуваат и определени функции во општеството. Нивна основна функција е во себе да содржат определена информација. Едно од својствата на документите е и социјалната функција, бидејќи тие најчесто во себе содржат информации за низа општествени процеси. Документите во себе ја имаат и фунцијата на комуникација. Тие често пати претставуваат одредена врска меѓу луѓето или меѓу различните општествени структури. Документите имаат и управна функција во смисол на нормално функционирање на државната управа и

[1] Maria Brosius, Ancient Archives and Concept of Record-Keeping, in Ancient Archives and Archival Traditions, Oxford, 2003, 1-17.

систем (регулативни, нормативни акти), како и правна функција, бидејќи секој документ со тек време може да стане доказ на нешто.

Општо за сите документи е важечка функцијата на историски извор. Оваа функција им припаѓа објективно и не зависи ниту од личните желби на авторите на документите, ниту од тоа дали некогаш ќе бидат архивирани и дали ќе ја имаат улогата на историски извор. Освен со ваквата јасно изразена функционалност документите може да се разликуваат и по карактер и вид. Во зависност од потеклото документите може да бидат службени или офицријални и лични. Во зависност од користената техника за фиксирање на информациите документите може да бидат: пишани, документи во вид на графики, цртежи, технички планови и др, звучни докумнети, електронски документи и комплексни документи. Документите се делат и на оригинали и копии итн.

Важноста на документот како историски извор и првостепена. Архивистот пред да се запознае со архивскиот материјал како целина, треба да да го обработи документот како архивска единица да го проучи, опише, односно треба да го определи значењето на документот како историско градиво. Меѓу документите како историски извор можеме да разликуваме два вида на извори кои имаат различно потекло и различно значење како градиво за историјата. На прво место тука спаѓаат многуте творби со историографски карактер како: летописи, хроники, житија и други историски дела. Тука спаѓаат и сите книжевни дела кои на еден или друг начин опишуваат определени историски случувања од подалечното или поблиското минато или од сегашноста.[2]

Во втората група на историски извори спаѓаат документи пишувани со определена форма, а во себе содржат и одредена правна содржина. Во оваа група на историски извори спаѓаат разни повелби и грамоти на владетели или духовни лица, завештанија, договори за продажба, меѓународни договори, посланија и др. Како историски извори треба да ги сметаме и службените книги т.н. канцелариски книги, книги со примери за

[2] Стјепан Антољак, Помошни историски науки, Скопје, 1980, 205.

составување на разни видови на документи, канцелариски регистри, книги со преписи за издадените документи од владетелските канцеларии, даночни книги, црковни книги, градски книги на општините норатски регистри и др. Документите се непосредна “рожба” на секојдневниот правен живот создадени од одредена личност или институција и во својата основа немаат за цел да ги опишуваат настаните, за разлика од историографските извори кои настануваат со цел да дадат одреден опис на историските случувања.

Самото постоење на документите дава можност за нивно фалсифукување заради што се налага потребата да бидат изработени такви правила за критичка анализа преку која може да се докаже автентичноста на документот. Критиката на документот се јавила како практична потреба да се докаже оригиналноста и автентичноста на одреден документ или пак фалсификатот.

Денес доколку би сакале да направите критичка анализа на грамотите на одреден средновековен владетел на пример, неопходно е да се проучат и споредат сите зачувани грамоти од тој владетел и да се анлизира формата на грамотите и нивните составни делови, со цел да се изработи критериум со кој ќе се одредува оригиналноста на грамотите кои призлегле од анализиранaта владетелска канцеларија. Најдобро за анализа е да се поседуваат оригинални документи издадени од некои владетали, за поуспешно да се изврши критичка анализа на преписите и другите документи. Оригинален е оној документ кој во себе ги содржи сите внатрешни и надворешни белези кои ги дало лицето-создател на документот, односно оригиналот на еден документ ја носи во себе онаа форма и содржина која му била дадена од неговиот создавач. Тоа не значи дека одредени преписи верни на оригиналот, па дури и скратени верзии го губат своето значење како историски извори.

Еден документ може да биде зачуван и во т.н. канцелариски регистри. Документите се запишувале во канцелариски регистри по наредба на создавачите на тие документи најчесто заради потребите на нивните канцеларии. Во регистрите се запишувала целосната содржина на документот или пак само одреден негов дел. Главната цел на водењето на

регистрите била прегледноста, односно сознанието за тоа какви документи се издавале од страна на некоја владетелска, бискупска, кнежевска или градска канцеларија. Регистрите се воделе и од чисто практична правна причина. Доколку се изгубел орегиналот врз основа на преписот од регистерот можело да се издаде нов документ со иста содржина и правно значење.

Ваквите регистри имаат извонредно значење за историјата. Вакви книги се воделе и во антиката и во средновековието. Каква е нивната историографска важност може да се види на примерите кога се изгубени одредени оригинални документи, а се зачувани нивните преписи во регистрите. Од периодот на средновековието важни се канцелариските регистри кои се воделе во папската канцеларија и имаат исклучителна вредност за историјата на многу европски народи.[3]

### I.2 Предмет на проучување на Архивистиката

Архивистиката е збир на знаења за карактерот и значењето на архивскиот материјал и дејноста на архивите. Архивистиката е релативно млада наука која се развила во последните сто години и денес ја оформила својата теорија, методологија и практика. Архивска теорија е збир на архивистички идеи за тоа што е архивска граѓа; архивска методологија е збир на архивистички идеи како да се постапува со таа граѓа; архивска практика е примена на теоретските и методолошките идеи во одредени ситуации.

Кога говориме за архивската граѓа - можеби некој ќе помисли на стара хартија наталожена со прашина која се чува во архивите и која ја користат исклучиво историчарите. Денес говориме дека архивската граѓа е меморија на општеството и дел од културното наследство, запишано во уникатна форма. Древната поделба на архивистичката професија на европско тло на архивистички работи кај создавачите (регистратурите,

[3] Zvonikir Kulundžiċ, Knjiga o knjizi, Zagreb, 1951, 311.

имателите) и архивистички работи во архивите во поново време добива сосема ново значење. Новиот профил на архивистот, односно архивистичката професија, е насочена кон целокупна грижа за заштита на архивските записи без оглед за кој тип на имател или архив станува збор. Секако дека воведувањето на информатичката технологија како во архивите така и кај создавачите на архивската граѓа на свој начин придонесува во премостувањето на јазот меѓу овие две професии и нивно се поголемо доближување. Станува збор за нов пристап кон целокупната проблематика на архивистиката и како наука и како професија.

Архивистиката е дефинирана како наука која се занимава со архивските целини (фонд/збирка) и архивските документи како нивни составни делови. Оттука произлегува и нејзината задача да ги проучува најсоодветните критериуми според кои архивската граѓа, односно архивските записи, ќе биде оформена и обликувана во тие целини како фонд/збирка, за да биде подостапна за користење во оперативни и истражувачки цели.[4]

Фонд претставува континуирана целина на записи без оглед на носачот на кој се запишани, кои ги создало и/или примило и ги користело некое правно лице или физичко (поединец, семејство) во обавувањето на својата функција.

Збирка Вештачко здружување на документите, собрани врз основа на некои заеднички карактеристики (содржина, форма, тип, хронологија) без оглед на нивната провиниенција. Не смее да се меша со поимот фонд.

Подфонд поделба на некој фонд која и соодветсвува на управната поделба на установата или создавачот, односно одговара на географската, хронолошката, функционалната или некоја друга поделба на архивската граѓа. Кога создавачот има сложена хиерархиска поставеност, секој подфонд, ако е потребно, понатаму се дели за да се истакнат степените на

[4] Duranti, L., Arhivski zapisi, teorija i praksa, HDA, Zagreb 2000. 19.

хиерархиската структура на првобитно подредените единици на главната административна единица.

Серија записи средени според системот на одложување на предметите или записите кои се чувале како целина, затоа што претставуваат функционален дел на иста постапка на собирање (комплетирање) или одложување или биле создадени од иста дејност, или имале посебен формат, или заради некоја друга причина, соодност или дејност кој произлегува од нивното создавање, прием или користење. Серијата е позната и како серија на списи.

Подсерија пониска описна единица во рамките на серијата формирана според одреден критериум (хронолошки, именичен, бројчан, територијален и сл.).

Предмет - Архивска единица  збир на документи кои ги здружил создавачот за тековно користење или се здружени во процесот на архивското средување, затоа што се однесуваат на иста содржина или дејност. Предметот претставува основна единица во рамките на една серија или фонд и се состои од иницијален акт, одговор и решение, или завршен акт.

Документ најмала интелектуално неделива архивска единица (писмо, белешка, известување, фотографија, звучен запис), односно запишани информации без оглед на носачот или неговото значење, односно запишана информација која ја создала или примила или чувала некоја институција, односно правно или физичко лице во обавувањето на својата дејност. Документот претставува основна единица во предметот.

Архивистички опис  изработка на точен опис и приказ на единицата на описот и нејзините составни делови, избор расчленување, распоред и запишување на информациите кои овозможуваат препознавање, управување, одредување на местото и толкување на архивската граѓа, како и контекст и систем на канцелариското работење во кој граѓата била создадена.

Архивски фонд претставува целина на записи без оглед на носачот на кој се запишани, кој ги создало и/или примило и ги користело некое

физичко (поединец, семејство) или правно лице (установа, организација) во обавувањето на својата функција.[5]

Основна поделба на фондовите е направена според начинот на формирање, односно создавање или комплетирање на архивската граѓа и тоа:

- архивски фонд претставува целина на архивска граѓа која била создадена во работата на правното лице, или лицата кои имаат својство на самостоен правен субјект (фонд);

- семеен или личен фонд е целина на архивска граѓа која се создала во делувањето на едно семејство (семеен) или личност (личен) која имала значајна општествена улога;

- збирка претставува вештачки создаден збир на одделни целини на архивска граѓа, без оглед на провиниенцијата, сврзани според хронолошки, тематски критериум, тип на граѓата или медиум на кој се забележани (збирка).

## I.2.1. Критериуми за формирање на архивски фонд

Архивската граѓа се оформува како архивска целина во фонд кога нејзиниот создавач и граѓата ги исполнува следните услови:

- да е донесен правен акт или акт со правна сила (законска или подзаконска) за формирање на фондообразователот,

- создавачот на архивска граѓа да имал својство на правно лице или својство на самостоен правен субјект,

- создавачот да делувал во услови на еден општествено-политички систем и едно државно-правно уредување,

- да немало побитни промени во статусот и делокругот на работа кај создавачот на граѓата,

- кај создавачот на архивската граѓа да немало покрупни промени во организационата и територајалната надлежност,

[5] Priručnik iz arhivistike, SDARJ, Zagreb 1977, str. 3-6.

- граѓата да била создадена во рамките на самостојното регистратурско работење.

### I.2.2. Принципи за формирање на архивски фонд

Основните принципи според кои една целина на граѓа може да се дефинира како архивски фонд се:

- архивската граѓа да претставува една органска целина,
- граѓата да претставува одраз на работењето на создавачот, односно да ги одразува неговите основни функции за кои е формиран,
- архивската граѓа да биде целосна, односно комплетна,
- да има континуитет во работењето на фондообразователот.

## I.3. Средување на архивските фондови

Средувањето и обработката на архивската граѓа се процеси во кои се изведуваат стручните работни процеси на класификација, систематизација и вреднување (средување) и изработка на информативни средства (обработка).

Вреднувањето на архивската граѓа, односно излачувањето на бзвредниот документарен материјал со изминати рокови на чување се врши во принцип во фазата на средување, додека во фазата на обработка се обавуваат повисоките фази од вреднувањето кога е потребна потемелна и поопстојна анализа на вредноста на граѓата.

Општите начела (принципи) за средувањето на архиската граѓа почнале да се развиваат со формирањето на архивските установи. До 18-тиот век граѓата се наоѓала кај нејзините создавачи, односно нивните наследници, најчесто заради докажување на одредени права, или привилегии. Граѓата понекогаш била средувана и пресредувана најчесто според содржината, или формата, во зависност од моменталните потреби и сфаќања, но не како резултат на некаков свесно изграден систем или критериум.

Во 19-тиот век историчарите почнале да ја средуваат граѓата според сопствени критериуми, обично според содржината, заради нивниот личен истражувачки интерес, не водејќи притоа сметка за изворот и регистратурскиот систем по кој била средена граѓата (првобитен ред).

Со формирањето на архивите, во развојот на средувањето, се судриле два принципа провиниенција (задржување на првобитниот ред) и пертиненција (нова структура создадена во архивот според содржината на документите, или слободна провиниенција).

Средувањето на архивската граѓа, како една од основните задачи на еден архив, е процес из кој се овозможува ориентација низ граѓата и пронаоѓање на одделни делови, како предуслов за користење. Секогаш треба да се има на ум дека ниту еден среден и обработен фонд не може да ги задоволи сите можни критериуми на истражувачите.[6]

## I.3.1. Принцип на провиниенција

Овој принцип обединува два елемента: изворна целина и првобитен ред. Во поширока смисла на зборот значи при средувањето на архивската граѓа да се води сметка за изворните тела и за нивниот првобитен ред, а во потесна смисла на зборот значи при средувањето да се сочуваат изворните целини кои меѓусебно треба да се соединат во архивска структура со оглед на нивната врска или сродност - одредување на изворните тела и врската меѓу нив. Основна причина за примена на овој принцип е дека најсигурната појдовна точка за пронаоѓање на архивската граѓа е ако се појде од нејзиниот извор. Оттука произлегува и дефиницијата дека архивски фонд претставува целината на архивска граѓа која сочинува едно изворно тело, што значи цел комплекс на една провиниенција.

Всушност овој принцип определува секој документ да го заземе местото во групата на архивската граѓа кое го имал во регистратурата,

[6] Богдан Лекић, Архивистика, Београд, 2006, 19.

односно да одговара на редот што бил воспоставен во регистратурата при неговото создавање и одложување.

Според овој принцип граѓата се средува кога:

- има деловодна ознака, архивирана според организациони единици според кои е заведена во деловодникот;
- носи деловодна ознака и шифра, или без шифра, архивирана по организациони единици;
- носи деловодна ознака и е архивирана централизирано
- носи деловодна ознака и е архивирана според места и испраќачи
- архивирана е според Планот за распоредување на свршените предмети на регистратурата

Исклучоци од примена на принципот на провиниенција се кога:

- постојниот фонд се раздвојува и дел од него се отстапува на друг архив,
- во фондот се наоѓа граѓа со припадност на делови од други фондови која пред доѓањето во архивот била сместена во фондот и била од оперативно значење за фондообразователот,
- фондовите остануваат раздвоени, но при утрдувањето на нивниот меѓусебен однос, односно структура, а во самиот фонд постои континуитет на граѓата.

### I.3.2. Принцип на слободна провиниенција

Принципот на слободна провиниенција се применува кога планот за распоредување на предметите не е денесен, или изгубен и не е возможно да се изврши реконструкција. Според овој принцип се запазуваат границите и единството на фондообразователот, но не и системот на работа на регистратурата, односно не се придржува кон административното работење, туку според слободната определба на архивистот, односно определбата во класификациониот план, односно работната инструкција. Примената на овој принцип значи дека архивската граѓа може да биде средена според

организационата структура на фондообразувателот, дејност и функции на фондообразувателот, тематски, хронолошки:

- Според организационата структура на фондообразувателот се применува, од највисоките до најниските органи, во случаите кога:
- административното работење не соодветствува на организационата структура,
- книгите се водени само за одделни акти,
- не се поклопува класификационата структура и внатрешната организација,
- не е вршено соединување на предметите,
- внатрешната организација на фондообразувателот е постојана и го одразува процесот на работа,
- организационата структура се менувала, а распоредувањето на граѓата не е распоредувана според промените.
- Според дејности и функции на фондообразувателот се средува најнапред според основните дејности и функции на фондообразувателот, а внатрешно според подфункциите, а се применува кога:
- организационата структура на фондообразувателот често се менувала, па промените не можат да се следат,
- помошните книги не се водени, или неуредно се водени, или не се сочувани (што е најчест случај),
- имателот, односно регистратурата имала многу сложена организациона структура која не може да се следи, или нема соодветен одраз во граѓата и со поклопување на одделни функции
- регистратурата извршила нестручно излачување и поголемиот дел од архивската граѓа недостасува.
- Според тематика средувањето се применува во исклучителни случаи кога фондообразувателот со предметот на својата работа дава слика на дејноста што се утврдува со деталната анализа на работењето на фондообразувателот.

### I.3.3. Регистратурски принцип

Овој принцип се нарекува уште и Пинцип на првобитниот ред, кој подразбира секој фонд да го запази редоследот во кој се наоѓа, односно да не се реконструра, односно да се среди според правилата кои биле применувани при неговото создавање со користење на тогаш важечките регистратурски помагала, односно занонски, подзаконски акти и упатства за уредување на канцелариското работење. Единствен предуслов за примена на овој принцип е архивската граѓа да биде во комплетна состојба и да бидат сочувани сите евиденции кои ги водел имателот, односно регистратурата.

Првобитниот ред, по правило, е втемелен на практичното искуство на самите создавачи на архивската граѓа и оперативната потреба и карактерот на самата граѓа. Сочувувањето на првобитниот ред е важен услов во користење на регистратурските помагала - деловодници, регистри и др и полесно изнаоѓање на бараната граѓа. Пресредувањето на вака средената граѓа претставува долг и макотрпен процес.

Задача на архивистот е да го препознае типот на првобитниот ред и добро да ги познава различните типови на првобитен ред во различни периоди. Типот на првобитниот ред се утврдува врз основа на броевите од деловодникот и шифрите од Планот на архивските знаци за распоредување на свршените предмети и Листата на архивската граѓа. Во колку не постојат шифри тогаш се применува средување според броевите од деловодникот

### I.3.4. Дополнителни принципи

Покрај овие принципи, за одделни фондови или делови од фондови/збирки може да бидат применети и:

Хронолошки принцип, односно хронолошко средување се применува кај фондови/збирки кај кои е сочуван минимален дел на архивска граѓа и од неа не е возможно да се формираат било какви целини, ниту да се согледа основната дејност на фондообразователот. Овој принцип на средување се

применува во внатрешното средување на предметите (систематизација). Хронолошкиот принцип е најприменлив во средувањето на збирките поединечни документи, фотографии, географски карти, планови и тн.

Азбучен принцип на средување што особено е изразено кај досиејата на вработени (персонални досиеја), студентски, судски, затворски и тн. Азбучниот принцип се применува според презимето, потоа средното име и личното име. Овој принцип е применлив и кај средувањето на преписката содржана во семејните и личните фондови. Предноста е во побрзото изнаоѓање на архивската граѓа, за лица за кои точно се знае презимето и името. Негативната страна е ако постои варијација на презимето (на прим. Петрушев, Петрушевски, Петрушески) и името (на прим Георги, Ѓорѓи и тн.)

Нумерички принцип на средување на досиејата (како составен дел на фонд) може да се примени во случаи кога е сочувана основната евиденција (матична книга). Негативната страна на овој принцип е потешкото изнаоѓање на граѓата, а во случај ако сите досиеја не се сочувани, а се евидентирани, постојано се појавува празнина (празни места). Нумеричкиот принцип се применува во случаи кога постојат повеќе делови од еден документ (елаборат, ракопис на книга и сл.).

Географски принцип на средување се применува кај архивската граѓа која потекнува или се однесува на едно географско подрачје. Особено е применлив кај збирките и деловите на фондови кои исклучиво третираат одреден географска област (на прим. граѓата од отсеците за меѓународна соработка и истражување на Државниот архив ќе биде средена според земји, а внатрешно градови и институции).

Во средувањето овие принципи можат да се комбинираат и да се применуваат заедно.

## I.4. Архивски збирки

Архивската збирка е вештачки создаден збир на документи од најразлична провиниенција, создадена според интересите на нејзините иматели, но таа може да биде оформена и во архивската установа врз основа на формата, содржината, носачот на информацијата и сл. Наспроти фондовите кои претставуваат органска поврзаност на сите делови, кај збирката нема таква поврзаност. Збирки можат да формираат и библиотеки, музеи и галерии. Збирките можат да се поделат на:

- Поединечни документи здружени според формата: фермани, берати, вакуфнами бијурулдии; временскиот период: револуционерно минато;[7]
- Печатени документи (книги, списанија, весници, плакати и летоци)[8]
- Техничка документација[9]
- Картографски материјал[10]

---

[7] Збирките на поединечните документи најчесто најнапред се средуваат според провиниенцијата, ако е возможно, или се создаваат одредени органски целини според содржината (или тематиката, место) на документите, а потоа хронолошки. Ако е невозможно да се следи принципот на провиниенција, или количината на граѓата тоа не го овозможува, тогаш нивното средување се одвива исклучиво според хронолошкиот принцип. Вообичаено овој тип на документи се најстарите во архивите (исправи, фермани, берати, вакуфнами, бујурулдии, револуционерно минато и тн.), па во принци се изработуваат регести вклучувајќи ја палеографската анализа на документите.

[8] Збирките на печатени документи можат да бидат составени од: книги, списанија, весници, плакати и летоци. Книгите, списанијата и весниците се обработуваат и каталогизираат според библиотечните стандарди.

[9] Збирките на техничка документација претставуваат значаен дел во архивските депоа. Систематизацијата, описот, евидентирањето и изработката на информативните средства зависи од карактерот на документацијата и целупниот обем. Треба да се почитува принципот на провиниенција и интегритет на техничката документација.

[10] На збирките со картографски материјал архивистите треба да пристапат почитувајќи ја специфичноста на техничката постапка на изведбата, видот на метријалот

- Мемоарски материјал[11]
- Фотографии[12]
- Микрофилмови[13]
- Печати и штембили[14]

---

на кој се изведени или репродуцирани, предмет на кој се однесуваат, времето на изработката, но секогаш треба да се почитува принципот на провиниенција и интегритет на органските целини. Сепак, заради самото сместување (вертикално или хоризонтално), потребно е да се води сметка и за форматот, односно големината. Во секој случај треба да се познаваат и техниките на изведба на картографскиот материјал. Во картографскиот материјал се вклучуваат и градежни и катастарските карти, авионските и сателитските снимки на одреден терен, или помала и поголема област. Што значи дека во картографскиот материјал можат да се најдат примероци од рачно исцртани до сателитски снимки и од скици до печатени материјали.

[11] Мемоарскиот материјал претставува посебна и многу значајна збирка. Под поимот мемоарскиот материјал се подразбираат пишувани или снимени сеќавања на поединци, или групи на луѓе за настани и личности и претставуваат одраз на времето во кои се создадени. Со својата содржина овој тип на граѓа ги дополнува празнините во архивските фондови, а во некои случаи и недостаток на граѓа за одреден период. Создавањето на мемоарска граѓа потекнува од пред нашата ера и се провлекува до денес. Со пишување на мемоари се занимавале државници, војсководители, филозофи, дипломати, книжевници, публицисти и патеписци. Организирањето прибирање на мемоарски материјал започнува со формирањето на првите архивски установи.

[12] Фотографиите како медиум постојат повеќе од 200 години. На фотографиите како историски извор, не е посветено големо внимание. Тие најчесто се отстранувани од фондовите, сместувани на крајот од фондовите, или во посебни збирки и најчесто опишани како “илустративен материјал” “вариа” и сл. Фотографиите претставуваат приказ на вистината во моментот на фотографирањето. Од овие причини, фотографиите претставуваат значаен извор за историски, етнолошки, културни и други проучувања.

[13] Збирките Микрофилмови можат да се групираат во :микрофилмови од фондовите и збирките на архивот (редовно и заштитно микрофилмување), филмови од странска провиенција (добиени по пат на размена и истражување) и поединечни (обично тематски - преостапени од научни работници). Најчесто филмовите се на 35 мм ленти со должина до 50 м., иако во праксата се среќаваат и 16 мм ленти. Филмовите можат да бидат позитив и негатив. Во принцип на користење се издаваат само позитивите.

# II. Историски развој на Архивите како установи

Претходниците на денешните архиви ги наоѓаме во древна Месопотамија. Архивите на старите источни народи (Сумерци, Вавилонци, Асирци, Египјани) ни помагаат да создадеме целосна слика за историјата и животот на овие народи и држави. За проучувањето на староисточната историја постојат многубројни епигравски споменици, глинени плочки со клинесто писмо, плочки со египедски хиероглифи и др.[15]

Од големите откриени архиви и библиотеки може да се споменат архивите на  градот Мари од XVIII век п.н.е. Според сумерските писари Мари бил престолнина на една династија што едно време владеела со цела Месопотамија. За архивите од градот Мари дознаваме дека биле откриени околу 20.000 илјади плочки испишани со акадско клинесто писмо. Плочките биле писма или административни и финанскиски извештаи. Досега се објавени само една третина од податоците пронајдени во овие архиви и тие содржат 28 томови. Овие томови се важни бидејќи пред да бидат откриени архивите во Мари не знаевме речиси ништо за историјата, институциите и секојдневниот живот во Месопотамија и Сирија во почетокот на вториот милениум п.н.е. Потоа можеме да ги споменеме архивите од Ел Амарна во Египет од XIV век п.н.е. и Нинива од VIII век п.н.е. каде што се зачувани преводи на многубројни дела на сумерски писатели од третиот и вториот милениум п.н.е.

Во Асирија се пишувале летописи во кои за кралот се пишувало во прво лице како тој да ги пишувал. На почетокот е името на кралот и

---

[14] Збирките на Печати и штембили преставуваат засебен сегмент во архивското работење и бараат солидни познавања за времето на создавањето на печатите за да може со сигурност да се констатира нивната оригиналност.

[15] Maria Brosius, Ancient Archives and Concept of Record-Keeping, in Ancient Archives and Archival Traditions, Oxford, 2003, 1-17

неговата генеологија, потоа се зборува за себе фалејќи ја својата способност и храброст, потоа се опишуваат случувањата во текот на годината.[16]

За разлика од овие летописи бабилонските хроники се сметаат за поверодостојни, бидејќи ги споменуваат и поразите на Бабилон. Во Кападокија се пронајдени голем број на глинени плочки. Во стариот Кадеш (Култепе), имало згради каде се најдени глинени плочки кои припаѓале на асирски трговци. Овие плочки потекнуваат од приватни архиви (трговски и стопански) и тие содржат и судски пресуди и административни документи.

Особено интересен е т.н. архив од Тел Ал Амарна во Египет кој бил откриен при ископувањата во некогашната престолнина на фараонот Аменофис IV Екнатон. Овој локалитет се наоѓа на десната страна на реката Нил во среден Египет. Египедската цивилизација со тек на време развила свое специфично државно уредување: религија, архитектура, писмо и уметност. Според уредувањето Стариот Египед бил робовладетелска држава. Како најзначајни пронајдоци од времето на Стариот Египед се: хартија, мастило, календар, часовник, геометрија, азбука, писмо, архитектура, кнежество,

Први коишто успеале да завладеат со скоро цела Мала Азија и со делови на северен Левент и Горна Месопотамија биле Хетите. Хетите се антички народ кој бил распостранет во Анадолија околу 18 век п.н.е. со главен град во Хатуша во Централна Анадолија. Нивниот јазик води потекло од анадолското говорно подрачје на индоевропското семејство на јазици. Историјата на Хетите се дознава најмногу преку клинестите списи кои се пронајдени во таа област, како и преку нивните дипломатски и трговски врски кој се воспоставиле со Египет и Блискиот Исток.

Хетите користеле месопотамско клинесто писмо. Археолошките експедиции кои биле изведени во Хетуша откриле цела збирка на кралски списи на клинести таблички, напишани или на семитско-месопотамскиот акадијански јазик кој се користел во Асирија и Вавилонија, или на различни дијалекти кои се користеле ширум подрачјето. Првиот запис за

[16] Стјепан Антољак, Помошни историски науки, Скопје, 1980, 205.

појавувањето на Хетите на историска сцена, пронајдени се записи со асирската колонија на Ќултепе, содржејќи податоци за трговска размена меѓу асирските трговци и ”земјата на Хетите”. Некои од имињата што се споменувале во записите не биле ниту на хетски ниту на асирски јазик, туку на индоевропски.

Во 1887 година ископувањата кај Тел Ел Амарна во Египед откриле дипломатски записи на фараонот Амеотеп Трети и неговиот син Ахенатон. Две букви од името на кралството Кета, кој се наоѓал во истиот регион бил познат како ”земјата на Хетите”, се напишани со стандардно акадијанско клинесто писмо но на непознат јазик, со што научниците можеле да го прочитаат но не и да го преведат. После ова се заклучило дека Хетите и Катите во Анадолија се всушност истиот народ со ”кралството на Кета” опишано во египедските списи. Овие претпоставки биле општоприфатени во текот на XX век, а името на Хетите се поврзувало со цивилизацијата која живеела околу Богазќој.

Во текот на ископувањата околу Богазќој во 1906 година биле пронајдени околу 13.000 глинени плочки главно испишани со клинесто писмо. Со пронаоѓањето на овие плочки се дознало повеќе за историјата на предно азиските народи. За ова богато наоѓалиште било установено дека претставува кралски архив на хетските владетели, што всушност било причина толку многу плочки да се најдат на едно место.

Персија или Персиско Царство се нарекуваат низа царства кои постоеле на Иранската Висорамнина и натаму во југозападна Азија, Централна Азија и Кавказот во периодот од VI век п.н.е. до XX век.

Персија традиционално се нарекува државата Иран, нејзиниот народ и претходните царства, уште од 600 година п.н.е. Ова име потекнува од античкото грчко име за Иранската поморска провинција наречена ”Фарс” или ”Парс”. *Парсис* е хеленизирано, а *Персија* латинизирано име на оваа провинција.

Најстариот запис за персијците доаѓа од Асирија од натписи од околу 844 година п.н.е. кои ги нарекуваат *Парсу* и ги лоцира во регионот на Езерото Урмија (денес во северозападен Иран близу Турција).

Во Персија постоел архив каде што Персијците ги чувале официјалните документи и записите од нивната историја за кои сметале дека ќе бидат битни за идните генерации. Персијците ги запишувале настаните од својата историја по хронолошки ред така што овој архив бил драгоцен извор за проучување на персиската историја.[17]

Најобемни знаења за архивите во стариот свет имаме во Стара Грција. Тука треба да се бара и потеклото на зборот *архив*, познат во сите современи јазици. Со зборот Archai (од arche) власт биле означувани државните служби во стара Грција. Зградите во кои работеле тие служби биле нарекувани archia. Постепено со зборот archeon започнале да се нарекуваат местата кои биле определени за зачувување на оние документи кои биле од особен интерес за древно грчките градови.

Местата каде што се чувале овие документи биле означени со зборот hartofilakija, nomofilakija, gramatofilakija. Кај старите Грци многу рано се јавил обичајот да се чуваат најразлични писмени документи. Во времето кога Атина го доживеала својот процут биле преземени мерки за зачувување на различни документи. Есхин на пример искажува пофалба дека зачувувањето на документите претставува ”нешто добро”. Најверојатно од времето на Солон (атински државник, законодавник и лирски поет) чувањето на државните документи било доверено на Ареопагот.

Во втората половина на IX век се погрижиле за уредување на еден ”државен архив” кој се наоѓал во храмот на ”Мајката на боговите” (Метрон). Метронот со тек на време се претворил во централен државен архив на Атина. Таму се чувале сите документи, судски решенија. Во овој архив се чувале и некои значајни книжевни дела. Само по исклучок тука се чувале и одредени приватни документи.

Исто така биле превземени мерки тука да се чуваат афтентични документи. Било определено во Метронот да не се внесуваат неоригинални документи. За уништување на некој закон кој што се наоѓал во Метронот се предвидувало смртна казна. Главен надзор во Метронот извршувал првиот

[17] Стјепан Антољак...,Op.cit, 207.

”притан” кој ги чувал клучевите. Раководител на овој архив бил т.н. ”граматевс” - една почесна должност која подоцна станала годишна.

Во подоцнежните уништувања што ја зафатиле Атина, Метронот настрадал многу заедно со голем број на документи кои што се наоѓале во него. Сепак до вториот век од нашата ера таму се зачувале добар дел од документите.

Местото на чување на пишаните документи биле разни светилишта и храмови. Така во Делфи кај прочуеното пророчиште се наоѓал ”архив”. Делфи е археолошки објект и град во Грција. Таму се наоѓал прочуениот оракул на богот Аполон. Во Делфи има храмови и на други богови, а централен е оној на Аполон. Во карпите во храмот на Делфи биле чувани камени плочи кои содржеле мноштво на декрети.

Кога се зборува за archeion се пордазбира место каде што се чуваат стари писанија, односно кажано со денешен јазик нешто слично како историски архив. И во други древногрчки градови биле создадени по примерот на Атина ”државни архиви” како што биле Смирна, Лампсак, Ефес и други.

За нас од особен интерес претставува архивското дело во Византиската империја. Некои повелби на рановизантиските владетели Теодосиј II и Јустинијан I се однесуваат и на “архивите”. Бидејќи старите храмови веќе неможеле да се употребуваат меѓу другото и како места каде би се чувале различни документи, било неопходно да се најдат други места за нивно чување. Императорот Јустинијан I издал наредба во секој град на империјата сите најзначајни документи да се чуваат на едно место во посебно определени за тоа згради.

Бидејќи во византиската империја дворот на царот претставувал вистинско средиште на целата државна управа, природно таму биле сместени и оние служби кои се занимавале со “архивите”. Од многуте материјали кои се сочувани и денес може да се заклучи дека византиската дипломатија располагала со многу важни архиви кои ги користела за своите цели. Во нив се чувале документи кои ги користеле византиските пратеници при водењето на преговори со разни држави и народи и разни други списи.

Во овие “архиви” се чувале и преписи на значајни оригинални документи кои при одредени потреби биле  користени. Треба да се одбележи дека на тој начин биле зачувани бројни извонредно важни византиски документи. Така во императорските грамоти биле поместувани документи од многу постаро време зачувани во архивите. На пример во една хрисовула на Андроник III од 1336 година бил поместен текстот на една хрисовула на императорот Мануил I Комнин од 1163 година која била сочувана во архивите.

Особено често документите се чувале од даночни или финансиски причини. Во т.н. императорски “вестиариум” кој бил под управа на еден хартуларij имало и архивски материјали. Различните државни служби кои се грижеле за регистрите имале свои архиви. Во IV век т.н. логотет на главната благајна имал особено високо место во византиската хиерархија. Под негова власт се наоѓале дванаесет државни чиновници меѓу кои бил и великиот хартуларij, началникот т.н. секретон или на архивското биро, каде се чувале документите кои се однесувале на правата на сопственост и на даночните обврски. Архивски оддел имало и во канцеларијата на т.н.воен логотет. И овој оддел бил раководен од службеник наречен хартуларij. И во општинските управи дејствувале разни чиновници меѓу кои и еден табуларij кој се занимавал со даночната дејност. Како плод на нивната дејност и тука се создавале различно архиви. Во многу служби дејноста на секретарот и архиварот се мешале и биле нарекувани со едно име “хартуларij” Познати се повеке вакви служби во империјата: хартуларij на поштата, хартуларij на морнарицата, хартуларij на темите, хартуларij за државните даноци и т.н.

Во византиската империја под зборот цхартуларион се подразбирало местото за чување на документите. За означување на документите во рамките на државните служби се употребувал и зборот “chartothesia”. Различните служби кои работеле со државните даноци и со општествените работи биле раководени од т.н. “скриниари” биле во исто време и архиви, бидејки во нив се чувале оние пишани материјали кои настанувале како плод на нивната дејност. Дури во едно писмо од императорот Јулијан

Отстапникот (361-363) се вели дека тој изгорел некакви документи кои ги натрупувале неговите служби.

Меѓу најважните служители во Цариградската патријаршија бил и т.н. велик хартофилакс. На почетокот хартофилаксот раководел со патријаршиските архиви и патријаршиската библиотека. Во IV век тој се издигнал во еден од најважните службеници во патријаршијата, поточно како главен наместник на самиот патријарх, или како што се споменува во некои подоцнежни извори станал патријархова десница. Таа должност се давала на ѓакони или свештеници. Хартофилаксот се занимавал со се што се однесувало на дејноста на патријархот, но во основа неговата дејност била сврзана со патријаршиските архиви и библиотеката бидејки и двете дејности биле наразделно сврзани.

Во патријаршиските архиви се чувале и императорски повелби кои се однесувале на животот на црквата, разни патријаршиски списи, кореспондрнцијата се епископите, протоколите од црковните собори и многу други акти. Оригиналноста на документите се потврдувала со потписот на хартофилаксот и по ставањето на патријаршискиот печат кој хартофилаксот го носел закачен околу вратот. Што значи хартофилаксот не се грижел само за чувањето на документите туку и за потврдувањето на нивната оригиналност и точност, како и за точноста и оригиналноста на преписите и преводите кои биле подготвувани од него. Значењето на неговата должност била толку голема што тој со тек на време станал и началник на службите при патријаршијата.

Сето тоа зборува колку внимание се посветувало на зачувувањето на архивските материјали во Цариградската патријаршија, а за тоа зборува и фактот дека и за врама на турското владеење во патријаршијата се зачувале голем број на важни документи. Вакви архивски служби биле организирани и при епископските седишта, а таму покрај другите црковни служитали имало и нотариуси, хартулари и по еден библиотекар.

Заслужува да се посвети внимание и на едно друго сведоштво сврзано за архивската терминологија, од раното средновековие. Во житието на Константин Филозоф-Кирил се раскажува за неговите односи со

византискиот логотет Теоктист, кој сакал да го посвети Кирил на световна кариера. Но откако Кирил одбил да се посвети на световна кариера бидејки повеќе ја сакал книгата и манастирската тишина бил назначен за “библиотекар’ при црквата Света Софија. Несомнено називот библиотекар или вивлиотекар - служба што Кирил ја добил при Цариградската патријаршија одговара на службата хартофилакс. Со други зборови создателот на словенската писменост бил назначен поради својата љубов кон книгата за архивист на Цариградската патријаршија, односно тој бил првиот “архивист” во историјата на словенските народи.[18]

Термините “Вивлиотикар” и “Хартофилакс” се суштествени за опишуваното време. Заслужува да се спомене дека службата “Вивлиотекар” се споменава веднаш во житието на Константин Филозоф. Се зборува за неговиот престој во Рим и за служењето во една од римските цркви, житиеписецот вели дека таму присуствувал и Анастасиј Библиотекар. Тој е прочуениот Анастасиј Библиотекар- еден од најдобрите познавачи на грчкиот јазик и грчките работи во римскиот папски двор кон средината на IX век. Употребувајки го називот библиотекар и за Анастасиј и за Константин Филозоф несомнено житиеписецот ја имал предвид должноста “хартофилакс”.[19]

[18] Vladimir Mošin, Slovenski rakopisi vo Makedonija, kn. 1, Predgovor, Skopje 1971.

[19] Veljanovski Novica, Za razvitokot na arhivskata služba vo Makedonija, Istorija, III,2, Skopje, 1967, str. 135-140

# III. Развојот на архивистиката во Македонија по 1945 година

После првата светска војна и создавањето на кралството СХС бил воспоставен сосема нов државен и административен апарат. За целиот период меѓу двете светски војни функцијата на централен архив ја извршувал Државниот архив во Белград. Во него била собирана сета граѓа на државните институции.

Прва архивска институција која била основана со задача да собира, средува и обработува архивска граѓа на територијата на Македонија била формирана на 16 септември 1926 година.

Архивот во Скопје бил организиран по примерот на Државниот архив во Белград, и работел според законот за државниот архив од 1898 година.

Архивот имал мал број на кадар кој требало да се грижи за средување и обработка на граѓата. Архивот постојано работел со недостиг на основни средства за нормално функционирање. Понекогаш била барана помош од белградскиот архив да се испратат средства за подмирување на основните трошоци. Сето тоа влијаело на работата на архивот.

Пред почетокот на Втората светска војна архивот во Скопје бил припоен кон т.н. ” Музеј на Јужна Србија”.

За време на Втората светска војна голем дел од архивската граѓа бил уништен. Останале само оние материјали кои што се чувале во т.н. Музеј на Јужна Србија.[20]

Во периодот од 1941-1944 година во Македонија не била организирана државна архивска установа. Во редовите на народноослободителното и антифашистичко движење на македонскиот народ била создадена значајна документација која денес се чува во Државниот архив на Република Македонија.

---

[20] Радмила Петковић Поповић, Постанак и развој архивистике у Србији и Македонији, Београд, 1972, 126.

Оваа документација е од посебно значење за државно-правната, политичката, воената и културната историја на Македонија и македонскиот народ.

Во рамките на Комунистичката партија на Македонија биле создадени повеќе документи од идеолошка и мобилизаторска природа како што биле разни прогласи, повици, документи за целите и задачите на НОБ и други материјали.

Голема документација била создадена и од Главниот штаб и Иницијативниот одбор за свикување на Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија (АСНОМ). Оваа документација зборува за аспектите на нормализирање на општествениот живот кон крајот на војната и воспоставување на новата власт на територијата на ДФ Македонија. Оваа граѓа има огромно историско значење.[21]

Со историските одлуки на Првото заседание на АСНОМ и конституирањето на Македонија како посебна федерална единица во рамките на Југословенската федерација, македонскиот народ доби своја полна национална слобода, и можност за побрз општествен развој. По ослободувањето на земјата биле направени првите чекори за организирање и поставување на архивската служба на здрави нозе.

На една од седниците на Президиумот на АСНОМ одржана од 2-5 септермври 1944 година, тогашниот повереник за народна просвета, Лазар Соколов предложил да се упати писмо до сите Народноослободителни одбори во кое би се барало да се преземат сите нужни мерки за зачувување на училиштата, библиотеките, архивите, научните институти, музеи, болници и др. Овој предлог бил прифатен. Во заклучокот во преден план била ставена грижата на државата за културата и просветата. Тоа особено се однесувало на грижата за запазување на архивите, библиотеките, музеите

---

[21] Zbornik na dokumenti ASNOM 1944 – 1964, Skopje 1964.

кои биле третирани како дел од културното наследство и како добра од културно и историско значење.[22]

Министерството за Народна просвета од 3. мај 1945 година, го известила Главниот штаб на Југословенската армија за Македонија во Скопје при што барала мислење за формирање на Архив на Народноослободителното движење на Македонија во состав на Народната библиотека во Скопје. Според првичните замисли целта на Архивот била прибирање, заштита и средување на архивската и мемоарска граѓа заради нејзино користење за научни цели. Оваа иницијатива не се остварила заради слабиот интерес на надлежните фактори, како и немањето на финансиски средства и стручен кадар.

Во 1945 година, во Службениот лист на ДФЈ (Демократска федеративна Југославија) била објавена Одлуката на Националниот комитет за ослободување на Југославија за заштита и чување на културните споменици и старини. Со таа одлука архивите на државните установи, научните збирки и други вредности биле ставени под заштита на државата. Управата над нив била доверена на просветни органи, а ракувањето на стручни лица. Било забрането изнесување на архивскиот материјал во странство. Тоа биле привремени прописи на новата власт со кои биле решавани основните прашања на архивската служба. По неуспешниот обид во 1945 година, да се формира Архив на Народноослободителното движење, Министерството за народна просвета на Народна Република Македонија со решение од 30. мај 1946 година, формирало комисија за прибирање на архивска граѓа. Комисијата по формирањето испратила писмо до сите просветни оддели при народноослободителните одбори во Македонија со барање да се формираат трочлени комисии од редовите на просветните

[22] Veljanovski Novica, Za razvitokot na arhivskata služba vo Makedonija, Istorija, III,2, Skopje, 1967, str. 135-140

работници, кои ќе имаат задача да собираат архивска граѓа. Но и овој обид како и претходниот бил безуспешен.[23]

Првите институции кои се бавеле со собирање на архивска граѓа до формирањето на архивската служба во Македонија се Филозофскиот факултет во Скопје и Институтот за национална историја. Забележително било учеството на професори од тогашната катедрата за Историја на Филозофскиот факултет при преземањето на библиотеката и архивите на Македонскиот научен институт во Софија во 1946 година. Професорот Љубен Лапе дал значаен придонес во формирањето на Аркхивот на Македонија во 1951 со свои сугести и упатства кои биле упатени до тогашниот претседател на македонската влада Лазар Колишевски.[24]

Првата архивска установа во Македонија била формирана во јуни 1949 година, а тоа бил Историскиот архив при Централниот комитет на КПМ. Задачата на овој архив била ограничена на прибирање и обработка на архивска и мемоарска граѓа за Работничкото движење, за историјата на КПМ и за социјалистичката револуција во Македонија.

Во 1950 година бил донесен општ закон за државните архиви со кој било определено дека сите установи и организации се должни совесно да го чуваат и да го обезбедуваат од оштетување или уништување на сиот архивски материјал кој се наоѓал кај нив. Со овој закон било уредено и прашањето во врска со мрежата на архивските установи во тогашна Југославија. Во 1964 година бил донес нов закон за архивската граѓа со кој престанале да важат претходните прописи. Според овој закон архивската граѓа добила статус на државна сопственост.

[23] Todor Taleski, Razvoj na arhivskata služba vo Makedonija, Makedonski arhivist IX-X, Skopje 1980-1981, str 5-20

[24] Љубен Лапе живот и дело, Материјали од научниот собир одржан на 14 ноември 1995 година по повод 10 години од смртта на академикот, Скопје, 1997, 154.

## III.1. Формирање на Државниот архив на НР Македонија

Веднаш по донесувањето на законот за државни архиви во Југославија, народното собрание на НР Македонија го донела законот за Државните архиви на 6. јануари 1951 година, врз основа на кој на 1. април истата година бил формиран Државниот архив на НР Македонија.[25] Државниот архив имал за задача да ја собира, чува, заштитува и обработува архивска граѓа создадена кај републичките институции, како и граѓата што е од значење за историјата на македонскиот народ, како и да овозможува нејзино користење за научни и други цели. Со законот од 1951 година биле регулирани прашања како што се должностите на имателите во поглед на заштитата на архивскта граѓа, публикување на граѓа помлада од 20 години, а било регулирано и прашањето за основање на архивски совет при Министерството за просвета. Со цел да се обезбеди ефикасна заштита Законот давал можност со одобрение на владата свој архив да имат и градот Скопје и историски значајните градови. Архивите во овие градови требало да бидат основани од народните одбори на градовите. Во прво време биле формирани архивски средишта при народните одбори или музеите. Архивските средишта развиле одредена почетна архивска дејност и тоа главно на истражувачки и собирачки план, но далеку биле од задачите што стоеле пред архивските установи. Уште во септември 1950 година била донесена уредба за главниот архивски совет, а потоа и решение за именување на овој совет на сојузно ниво.

Советот го сочинувале преставниците на републичките совети, научни работници и претставник на владата на ФНРЈ. Главниот архивски совет имал за задача да решава организациони, методолошки и стручни прашања, како стручен советодавен орган. За член од Македонија во советот бил избран Данчо Зографски.[26] Главниот архивски совет бил

[25] Службен лист на ФНРЈ број 12/50.

[26] Dančo Zografski, Prikupljanje arhivskog materijala u NR Makedoniji, Arhivist I, sv. 1, Beograd 1951, str. 43-46.

предлагач и регулатор на многу прашања од витален интерес за архивската служба во тогашна Југославија. Архивскиот совет на Македонија бил формиран со уредба од 18. февруари 1952 година. Архивскиот совет задолжително морал да се произнесува за сите клучни зафати врз историско-архивистичкиот материјал (класифицирање, одбирање, објавување).[27]

Уште пред основањето на архивот во Македонија во 1949 година, Владата на НР. Македонија го покренала прашањето за одбирање и средување на архивите на Установите. Било констатирано дека администрацијата во министерствата и во други републички установи и претпријатија во народните одбори е во несредена па дури и во хаотична сосотојба. Администрацијата била претрупана со предмети кои немале никаква архивска вредност. Со цел администрацијата да може подобро да функционира на државните установи им биле дадени инструкции за средување на архивската граѓа од периодот 1944-1949 година.

Во 1952 година била покрената иницијатива за реорганизација во управувањето со архивската служба на територијата на тогашна Југославија. За таа цел Државниот архив на НРМ доставил свој материјал со критички забелешки и предлози. Во март 1952 година, Државниот архив на НРМ доставил до сите државни установи и претпријатија во Македонија основни правила за примена на Упатството за собирање, чување и повремено шкартирање на архивскиот материјал. Се барало стриктно придржување до воведените правила. Сите државни установи и претпријатија кои воделе посебна администрација и располагале со архивски материјал, биле должни да го чуваат и заштитуваат материјалот од евентуално пропаѓање се до неговото предавање во Државниот или градските архиви. Разните списи и документи кои претставувале "балласт" а биле од масовен или шаблонски карактер и немале никакво значење за научно проучување ниту за информативна или практична употреба можеле да се шкартираат но само

[27] Dančo Zografski, O radu, zadacima i nekim problemima Državne arhive u Skopju, Arhivist I, sv. 3, Beograd 1951, str. 10-15

со одобрување на надлежниот архив. Претпријатијата за отпад не смеле да примат материјали од ниедна установа без претходно писмено одобрение од комисија при Државниот архив. За евентуални нејасни прашања установите требало да се консултираат со Државниот архив.

Важноста од функционалното делување на Државниот архив уште повеке била сватена ако се има предвид територијалната местоположба на Македонија која отсекогаш претставувала интерес за соседите, но и за другите европски земји. Војните кои често се воделе на овие простори создале таква состојба што архивскиот материјал во најголем дел бил уништуван. Било сосема јасно дека доколку се сака да се сочува она малку што останало од документарното наследство мора да постои ефикасна архивска институција. Државниот архив започнал со работа со само двајца архивисти со завршен стручен едногодишен курс за архивисти во Дубровничкиот архив. Веднаш потоа во 1952 година биле испратени уште двајца кандидати, а во 1953 година била укината архивистичката школа.[28]

Наоѓајки се во ваква состојба а со оглед од потребите за архивски кадар бил организиран шестмесечен архивистички курс за помошници архивисти. На курсот биле застапени кандидати од сите од сите формирани архиви, како и од градовите каде што било во план да се формираат нови архиви. На овој начин се обезбедило во секој од архивите да има архивисти со завршена архивистичка школа или курс. Во 1959 година во архивите на НР Македонија имало 45 вработени, а веќе во 1968 година имало 96 вработени. Денес во Државниот архив на Република Македонија има над 200 вработени од кои поголемиот број се со висока стручна подготовка.

Паралелно со решавањето на организационата и кадровската структура биле решавани и прашањата кои се однесувале на просторот, внатрешната организација на архивите, прашањата на архивските згради, финансирањето заштитата на архивската граѓа во регистратурите, издавачката дејност и др. Во почетокот на своето работење Државниот

[28] Todor Taleski, Razvoj na arhivskata služba vo Makedonija, Makedonski arhivist IX-X, Skopje 1980-1981, str 5-20.

архив на Македонија бил сместен во зградата на собраните на Македонија, а потоа во административната зграда на тогашните републички секретарјати. Оваа зграда била наполно уништена во катастрофалниот земјотес во Скопје од 1963 година, а во 1969 година архивот се вселил во сосема нова архивска зграда.

Покрај решавањето на организацијата на архивската служба, како и просторниот проблем било решавано и прашањето на внатрешната организација на архивите. Државниот архив на Македонија во почетокот ја имал внатрешната организациона структура во согласност со архивската граѓа што ја поседувал. По извесно време на работење било констатирано дека постојната организација не била адекватна на современите барања. Во 1959 година бил донесен посебен правилник според кој постоеле следните организациони единици: истражување, евиденција и заштита на архивската граѓа, средување и обработка, користење и публикување и општи работи.

На прашањето на заштитата на архивската граѓа во регистратурите се посветувало посебно внимание. Прашањето на одбирање на архивскиот материјал од регистратурите се решавало од 1968 година. Од 1975 година било решено и прашањато за задолжителното евидентирање на архивската граѓа во регистратурите, а од 1977 година овие прашања биле решени со уредбата за канцелариско работење и за одбирање на архивската граѓа од регистратурскиот материјал. Со оваа уредба под индиректна контерола на Државниот архив биле ставени голем број на прашања од канцелариското работење, одбирањето и евидентирањето на граѓата. Тука биле земени предвид и прашањата за заштитата на архивската граѓа се до нејзиното предавање на трајно чување во архивите. Доследното применување на овие прописи во практика во регистратурите од темел го променил односот кон документите, се воспоставил ред во канцеларискoто работење и правилно се заштитувала архивскта граѓа.

## III.2. Формирање на архивската мрежа во Македонија

Мрежата на архивски установи во Македонија започнала да се основа во 1951 година по донесувањето на Законот за државните архиви. Архивските средишта биле своевидни истурени архиви(органи) на Државниот архив на НРМ, со задача да пронаоѓаат, собираат, и попишуват архивски фондови и граѓа. Со нив раководел управител. Советите за наука и култура при градските народни одбори биле должни да обезбедуваат финансиски средства за работа на архивските средишта и плата за управителот. На деветте архивски средишта им била определена територијална надлежност.

Архивските средишта во прво време биле привремени центри за преземање и заштита на документацијата и пунктови на републичкиот архив во внатрешноста на Македонија. Подоцна архивските средиштата работеле во рамките на народните одбори и народните музеи. Тие послужиле како јадра за основање на градски, односно околиски архиви. Архивските средишта иако развиле извесна дејност на полето на собирањето на архивскта граѓа биле далеку од нивото на задачите што им биле доверени, како органи на архивската служба во Македонија. Согледувајки ја потребата од поставување на здрави основи на прашањето за архивскта мрежа, иницијатива за основање на градски архиви дале Државниот архив и архивскиот совет на НР Макеоднија.

Архивскиот совет барал да се формира архивска инспекција во местата каде што постоеле архивски средишта. Правен основ за основање на локалните архиви во Македонија била одредбата од членот 2 од Законот за државни архиви според која со цел да се обезбеди ефикасна заштита се давала можност со одобрување на Владата свои архиви да имаат градот Скопје и историски значајните градови. За основање на овие Архиви бил надлежен Народниот одбор на градот.

Бидејки функционирањето на архивските средишта не вродило со плод, се јавила потреба да се изнајде некое трајно решение. Со

формирањето на локалните архиви, архивската служба во Македонија не само што се комплетирала туку била поставена на стабилни основи и се стекнала со сеопфатна архивска мрежа на целата територија на НР Македонија. Кон крајот на 1952 година се започнало со формирање на седум околиски и два градски архиви и тоа во Скопје во 1952 година,[29] во Битола[30] и Велес во 1954 година, Охрид, Прилеп и Куманово во 1955 година, Штип и Струмица во 1956 година и во Тетово во 1961 година. Како прв локален архив Околискиот архив во Скопје во 1952 година.[31]

Паралелно со честите територијално-административни промени доаѓало и до промени на територијалната надлежност на локалните архиви, а во периодот 1965-1990 година таа била стабилизирана. Во 1969 година било актуелизирано прашањето за рационализација на архивската мрежа. За таа цел по предлог на Архивот на Македонија, Просветно-културнио собор на Собранието на СР Македонија донел препорака за формирање на пет регионални архиви во Скопје, Битола, Штип, Велес и Охрид. Тогашните

---

[29] Државниот архив на Република Македонија-Одделение Скопје е основан со решение за основање Државен архив при народниот одбор на град Скопје од 25 февруари 1952 година. Во 1952 година функционира како околиски Историски архив – Скопје, а од 1974 година како Архив на Скопје. Во 1991 година се трансформира во Подрачно одделение Скопје при Државниот архив на Македонија, а од 2004 година е Одделение Скопје при Државниот архив на Република Македонија. Најзначајните и најобемни фондови потекнуваат од периодот по ослободувањето. Тука спаѓаат фондовите од образованието, културата, стопанските дејности и др. (Водич низ архивските фондови во архивот на Скопје, книга, VI Скопје, 1976,31-33).

[30] Архивската дејност во Битола започнала да се развива во почетокот на педесеттите години во рамките на тогашниот Народен Музеј. На 5 април 1951 година со решение на Министерот за просвета, наука и култура на Народна Република Македонија формирани се архивски средишта во сите градови во Република Македонија со задача да го лоцираат и да го попишат архивскиот материјал. На седницата на Народиниот одбор на Битолската околија одржана на 26 мај 1954 година донесено е решение за формирање на Околиски архив во Битола. Архивот имал за задача да ги прибира, чува и повремено шкартира архивските материјали од разни личности и организации.

[31] Todor Taleski, Razvoj na arhivskata služba vo Makedonija, Makedonski arhivist IX-X, Skopje 1980-1981, 5-20.

архиви во Прилеп, Куманово, Струмица и Тетово требало да го изгубат статусот на самостојни установи и да станат истурени единици на регионалните архиви. Меѓутоа после реакциите од страна на градовите Прилеп, Куманово, Струмица и Тетово до реализација на планираната регионализација на архивите не дошло.

Во периодот 1965-1990 година, не постоела територијална избалансираност и воедначеност на територијалната надлежност на одделните историски архиви. Така на пример архивот во Штип бил надлежен за за целиот Брегалнички регион, додека архивот во Струмица имал надлежност само за градот Струмица со околината. Во 1990 година, општинските архиви ја изгубила самостојноста и биле трансформирани во подрачни единици на Архивот на Македонија.

### III.3. Историски архив - Штип / Одделение Штип

Историскиот архив на градот Штип бил основан на 11. јули 1956 година со решение на народниот одбор на Штипската околија. Архивот бил основан со назив Државен архив на Штип. Уште во 1953 година, Народниот одбор на градот Штип формирал комисија со задача да ги обиколи сите установи и претпријатија во градот и да установи во каква положба се наоѓала архивската граѓа. Донесената заповед на народниот одбор во Штип го навестувало организираното работење на планот на архивистиката на овој простор.

Надлежноста на архивот го опфаќала подрачјето на Источна Македонија со исклучок на Струмица и Радовиш. Со донесувањето на Законот за архивска граѓа во 1965 година називот на архивот се променил во Историски архив на Штипска околија.

Архивот врз основа на надлежноста што ја добил од Собранијата на општините Берово, Виница, Делчево, Кочани, Пробиштип, Свети Николе, и Штип ја продолжил својата работа како меѓуопштинска установа.

Историскиот архив на градот Штип имал за цел да ја заштитува, евидентира, собира, средува, обработува, одбира, и стручно обработува

архивската граѓа. Архивот бил надлежен да врши стручен надзор над архивирањето, чувањето и одржувањето на регистратурскиот материјал.

Граѓата со која располага архивот е мошне разновидна по својата содржина. Таа ги осветлува социјалните, економските, политичките, образовните и културните состојби на населението во источниот дел на Македонија.

За времето на своето постоење Архивот повеќе пати го менувал местото на работење, а од 1976 работи во наменска зграда. На почетокот на работењето архивот не се соочувал само со просторни туку и со кадровски проблеми, но со тек на времето во Архивот се вработиле повеке работници кои можеле да обрнат поголемо внимание на средувањето и обработката на архивската граѓа. Во Архивот истражувале повеќе истражувачи особено по вселувањето во нова наменска зграда кога се создале услови за тоа.

Денес Одделението во Штип има надлежност над 13 општини во Брегалничкиот регион, а врши надзор на работата на 275 иматели на архивска граѓа. Одделението располага со 523 фондови и 22 збирки. Најстариот документ е сведителство потпишано од учителот Гоце Делчев од 1894/1895 година. Има документи и од почетокот на XX век, но поголемиот дел од документите се од периодот по 1944 година.

Позначајни фондови со кои располага Одделението се: фондовите на народните одбори и собранијата на општините1944-1990 година; судските фондови 1920-1990 година; политички организации здруженија и друштва 1944-1990 година; фондовите на Православната црква 1918-1948 и на Исламската заедница 1921-1946 година. Во Одделението се чуваат и повеке семејни фондови, како и збирки составени од биографии и мемоари на учесници од НОБ од Штип.

# IV. Црковните прилики на просторот на денешната Брегалничка епархија во периодот од 1912 до 1941 година

## IV.1. Создавање на Злетовско-струмичката епархија и нејзината територијалната надлежност 1912-1941

Црковно-административните единици во вардарскиот дел на Македонија биле поделени веднаш по завршувањето на балканските војни. Така по присоединувањето на деловите од Македонија кон Кралството Србија, во 1913 година, во сите поважни центри на Македонија биле испратени посебни емисари на СПЦ. Во Штип бил испратен Таса Урошевиќ, кој бил протоереј на Топличанскиот округ. Овие пратеници имале за задача да ја проучат положбата, да преземат односно да предложат мерки за организациони и кадровски решенија што би биле во согласност со политиката на Србија и СПЦ во „Јужна Србија“[32].

На 20 март 1914 година, Министерот за просвета и црковни работи во согласност со архиерејскиот собор на Кралството Србија одредил создавање на 4 епархии – Скопската, Злетовската, Битолската и Охридската епархија[33].

Овде всушност се гледа почетокот на Злетовско-струмичката епархија, подоцна Брегалничка.

Териториите кои тогашниот Министер за просвета и црковни работи ги одредил на Злетовската епархија биле брегалничката и тиквешката околија[34]. Во тој период струмичката околија се наоѓа под власта на бугарското кралство, меѓутоа по Нејскиот договор, односно по 1919 година Струмица и струмичко биле дадени на Србија, односно на Кралството СХС и

---

[32] Доне Илиевски, Автокефалноста на Македонската православна црква, Скопје, 1972, 105

[33]Драги Костадиновски, Вардарскиот дел на Македонија под јуриздикција на Српската православна црква (1919-1941), 53

[34]Ibidem.

на тој начин сите територии од Струмичката епархија ќе се најдат во границите на Кралството СХС[35].

На 16 декември 1920 година, Синодот на Српската православна црква одлучува териториите од Струмичката епархија да се припојат кон Злетовската епархија, па согласно одлуката на светиот архиерејски собор ќе се вика Злетовско-струмичката епархија[36].

Новосоздадената црковна институција Злетовско-струмичка епархија го зазела просторот на бившата Злетовско-морозвиска, Брегалничко-малешевска и делумно Полјано-кукушка епархија со седиште во Штип[37], односно истата се простирала на брегалничката, тиквешката, радовишката, малешевската, царевоселската и струмичката околија.

Со уставот на Српската православна црква од 3 септември 1931 година, повторно биле санкционирани границите на епархиите што се наоѓале во вардарскиот дел на Македонија, па Злетовско-струмичката епархија со седиште во Штип ги опфаќала следните околии[38]: штипската, овчеполската, кратовската[39], царевоселската, малешевската, радовишката, струмичката, валандовската, гевгелиската, неготин-вардарската, кавадаречката и кочанската.

Ваквата територијална надлежност на Злетовско-струмичката епархија нема да се измени се до почетокот на Втората светска војна, кога територијата на Вардарска Македонија ќе потпадне под фашистичка окупација.

---

[35]Александар Трајановски, Возобновување на Охридската архиепископија како Македонска православна црква и нејзиниот шематизам, Скопје, 2008, 409

[36]Драги Костадиновски, Вардарскиот дел на Македонија под јуриздикција на Српската православна црква (1919-1941), 51-53

[37] Александар Трајановски, Возобновување на Охридската архиепископија како Македонска православна црква и нејзиниот шематизам, 409

[38]Драги Костадиновски, Вардарскиот дел на Македонија под јуриздикција на Српската православна црква (1919-1941), 54

[39]Согласно одредбата од уставот на СПЦ чл.12 ос 1931 година, од Скопската епархија била одземена Кратовската околија и била доделена на Злетовско-струмичката епархија.

## IV.2. Кадровско раководство 1912-1941 година

Кадровското раководство на Злетовско-струмичката епархија хиерархиски се состоело од:

- Епископ (Епархиски архиереј);
- Архиерејски намесник;
- Парох

### IV.2.1. Епископ (Епархиски архиереј)

На тронот на Злетовско-струмичката епархија за прв епископ бил поставен Серафим Јовановиќ[40].

Одлуката за поставување на Епископот Серафим за Епископ на Злетовско-струмичката епархија, била донесена по предлог на Министерот за Вера, Павле Маринковиќ, а на основа на член 25 и 26 од Законот за Црковна власт, на 23 декември 1920 година[41]. Тој ќе управува со Злетовско-струмичката епархија до 1928 година, кога е преместен на позицијата Рашко-призренски Епископ, во Призрен, а на негово место е поставен Бихачкиот Епископ Венјамин Таушановиќ[42].

Епископот Венјамин[43] ја примил Злетовско-струмичката Епархија на управување на ден 25 март 1929 година во Штип. Актот на предавање го

---

[40] Епископот Злетовско-струмички Серафим Јовановиќ, бил роден во Призрен 1895 година. По Балканските војни работел како суплент во штипската гимназија. За време на Првата светска војна бил воен свештеник. По војната 1919-1921 билпрофесор во Штипската гимназија. Потоа бил избран и поставен за епископ злетовско-струмички како човек кој најдобро ги познава приликите во Штип и околината.

[41] Гласник, Весник на СПЦ, 1921, II/1, 1

[42]ДАРМ, 10, 216, 002

[43]Епископ Венијамин (световно име Владимир Таушановиќ; 23 јануари 1884 во Пирот - 28 мај 1952 во Белград) бил српски епископ. Венијамин своето средно образование го завршил во Белград, студирал во Кишинев а во 1912 година докторирал во Атина. На 11 мај 1913 година се замонашил Манастир Раковица.Во периодот од 1929 - 1934 година бил Злетовско-струмички епископ, а од 1934 до 1952 бил Браничевски епископ.

извршил Тимочкиот Епископ Емилијан[44]. Како Епископ на оваа Епархија ќе остане до 1934 година, кога е преместен, а на негово место е поставен Ректорот на Призренската богословија д-р Симеон Поповиќ[45].

Устоличувањето на новиот Епископ на Злетовско-струмичката епархија било на 7 октомври 1934 година, а чинот на предавањето го извршил скопскиот Митрополит г. Јосиф[46].

Епископот Симеон Поповиќ[47] умира во октомври 1939 година, а на негово место со одлука на Светиот Архиерејски Синод, за Епископ на Злетовско-струмичката Епархија е поставен Викентије Проданов [48]. Устоличувањето на Викентије Проданов[49] било на 15 февруари 1940 година,

---

[44]ДАРМ, 10, 319, 003, 37/37

[45]ДАРМ, 10, 216, 002

[46]ДАРМ, 10, 319, 005, 110/115

[47]Епископот Симеон Поповиќ (20. април 1874 — Штип, 21. октомври 1939) бил епископ на Српската православна црква, епископ Злетовско-Струмички (1934-1939).

Роден ево Босна, 1874. године. Завршил гимназија во Сремски Карловац и богословски факултет во Черновиц. Промовиран е за доктор на Богословија во 1904 година. За време на Првата светскавојнабил истакнат национален борец и бил малтретиран и затваран од страна на окупаторот. Бил одликуван со ордените Св. Сава и Бел орел. Бил вероучител во Сараево до 1921. година. За професор по богословија во Рељев бил поставен 1921 година. Во1934година бил поставен за епископ злетовско-струмички.

[48]ДАРМ, 10, 216, 002

[49]Вистинското име на патријархот Викентије било Витомир Проданов.Роден е на 11/23 август 1890 година во Бачко Петрово Село од татко Ѓорѓи и мајка Јелена. Во родното месту завршил основноучилиште, по кое заминува за Нови Сад, каде се запишуваво гимназија. По завршената гимназија, заминува во Сремски Карловац за да учи Богословија. Се Замонашуваво 1917 годинаво Бездин. Од 1921. година бил на должноста секретар на Управниот одбор на манастирот на Карловачката митрополија, и таа должност ја извршувал до 1923 година.

Бидејќи се интересирал за наука, се запишал на Филозофскиот факултет во Белград во 1929 година и дипломирал на групата за историја.

Станува главен секретар на Светиот архијерејски синод во 1932 година, викарен епископ марчански во 1936 година, епископ злетовско-струмички во 1939 година и администратор охридско-битолски во 1940 година.

кога по свечената Архиерејска литургија Епархијата била предадена во негови раце[50].

Епархиските архиереи покрај чисто духовните задолженија, биле задолжени да создаваат црковни, хуманитарни, религиозно-добротворни, духовно-просветни и патриотски движења во својата епархија. Веднаш по доаѓањето се зафаќале со однародување на македонскиот народ[51].

## IV.2.2. Архиерејски намесник

Архиерејскиот намесникe епархиски управен и надзорен орган над парохиите во своето намесништво. Тој е повереник на епархискиот архиереј и епархиските власти, духовен старешина повикан во нивно име, по нивни налог да врши духовен надзор над свештенството и верниците во парохиите од своето намесништво. Архиерејскиот намесник го избира епархиското

---

Бугарските окупатори во 1941 годинаго протералеод Штип. По Втората светска војна не можел да се врати во својата епархија бидејќитогашната комунистичка власт преку УДБА создрила неканонска т.нр. Македонска православна црква, која до денас не е канонски призната. Во периодот 1947—1951 администриралсо Сремската епархија.

Викентије бил изабран за патријарх на 1. јули, 1950 година. Како патријарх, воспоставил врски со останатите епархии на СПЦ, коии покрајвоените услови и прогонот на новите власти, биле многу ослабени. Со негов труд биле уредени и пензиските прашања на православното свештенство. Всушност, црквениот пензиски фонд бил укинат по војната, а право на државна пензија имале само лаиците.

Патријархот Викентије био активен член на историското друштво на Војводина и некое време бил уредник на *„Гласникот на историскотоопитество“* на Војводина од 1930 до 1934, а исто така соработувал во историските часописи од црквената историја.

Патријархот Викентије умрел на 5. јули 1958 година под мистериозни околности непосредно по соборот на кој одбил да го стави на дневен ред прашањето за признавање на т.нр. Македонска православна црква. Гробницата на патријархот Викентија се наоѓа во Соборната црква во Белград, на северниотѕид лево од гробницата на митрополитот Михаил.

[50]ДАРМ, 10, 319 008, 19/22

[51]Драги Костадиновски, Вардарскиот дел на Македонија под јуриздикција на Српската православна црква (1919-1941), 56

собрание, а тој воедно е и парох во седиштето на Архиерејското намесништво. Покрај својата свештеничка должност имал и други задолженија[52]:

- бил должен еднаш во годината да ги посети сите парохии и црковни општини и за впечатоците од посетата на црквите поднесува писмен извештај до Епархискиот архиереј;
- имал право да дава отсуство од 7 дена на парохиските свештеници за подрачјето на епархијата, а за кое го известувал епархискиот архиереј;
- барал од свештениците кои се наоѓале под негова надлежност да доставуваат месечни ливчиња на родени, умрени и венчани и лица кои живеат вонбрачно, а податоците биле потребни за статистичките одделенија;
- по негово барање свештениците доставувале месечни извештаи за богослужењата, за здравствената состојба во парохиите и др.;
- по негово барање свештениците поднесувале годишни извештаи на исповедан и причестени лица, потоа годишни завршни сметки и буџети на парохиите.

Со други зборови кажано вршел увид на состојбите на црквите, за работата и односот на свештенството.

### IV.2.3. Парох

Парохот стои на чело на парохија, задолжително живее во својата парохија и без знаење и одобрение на надлежните власти не може да се оддалечи од местото во кое што служи. Парохот бил поставуван од Епархискиот Архиереј и можел да биде привремен или постојан[53].

[52]ДАРМ, 10, 216, 002

[53]ДАРМ, 10, 216, 002

## IV.3. Духовно-административната шема до 1941 година

На чело на епархијата стои епархиска управа која во својата организација ги има: епархискиот духовен суд, епархискиот совет и епархискиот управен одбор[54].

Епархискиот духовен суд функционирал со следната организација[55]:

- Претседател на Духовниот суд;
- Судија на Духовниот суд;
- Секретар на Духовниот суд;
- Писар на Духовниот суд;
- Званичници на Духовниот суд.

Во 1924 година во Злетовско-струмишката епархија постои епархиски духовен суд со црковно-управна надлежност во состав: претседател протоерејот Сима Ј. Буковиќ, судија прота Јосиф Ј. Живковиќ и секретар Љубомир Симиќ[56].

Во црковно-административен поглед пак Злетовско-струмичката епархија се состоела од:

- Протопрезвитерат;
- Намесништва;
- Парохии и
- Манастири

### IV.3.1. Протопрезвитерат

Од обединувањето на СПЦ па до 1931 година постоел еден окружен Протопрезвитерат- Брегалнички со седиште во Штип, кој имал утврдени

[54]Драги Костадиновски, Вардарскиот дел на Македонија под јуриздикција на Српската православна црква (1919-1941), 57

[55]ДАРМ, 10, 319, 002

[56]Драги Костадиновски, Вардарскиот дел на Македонија под јуриздикција на Српската православна црква (1919-1941), 58

прерогативи над Наместништвата, Парохиите и Манастирите. Во состав на Окружниот Протопрезвитерјат делувале повеќе Наместништва и Парохии. Сите наместништва биле подредени под протопрезвитератот , а надредени над парохиите.

Во 1931 година со донесувањето на првиот Устав на обединетата СПЦ создаден е уште еден Протопрезвитерат-Тиквешки со седиште во Кавадарци. Така Злетовско-струмичката епархија дејствува со двата протопрезвитерати: Брегалнички, на чело со протопрезвитерот Радивоје Милојковиќ и Тиквешки, на чело со Димитрија Поповиќ[57].

### IV.3.2. Наместништва

Архиерејските наместништва ги сочинувале сите парохии, кои истовремено претставувале и црковни општини, што стојат под духовен надзор на еден ист Архиерејски наместник. За формирање и назив, укинување и промена на архиерејското наместништво одлучувал епархискиот Архиереј во договор со Епархискиот Духовен суд и Епархискиот управен одбор, а по одобрение на Светиот архиерејски синод.

Највисок орган во наместништвото било намесничкото свештеничко собрание, кое го сочинувале сите парохиски свештеници од подрачјето на наместништвото. Тоа одржувало редовни седници најмалку еднаш годишно, а повеќе по укажана потреба или препорака на надлежниот архиереј. Намесничкото свештеничко собрание разгледувало и расправало за сите проблеми и прашања од духовен карактер со кој се судрувале свештениците. На седниците се разгледувале и воделе дискусии за правилниците, уредбите и други акти што ги доставувале повисоките црковни органи. За претседател на намесничкото собрание се избирал намесникот.

---

[57] Александар Трајановски, Возобновување на Охридската архиепископија како Македонска православна црква и нејзиниот шематизам, 206.

До 1931 година во Злетовско-струмичката епархија дејствувале повеќе наместништва и парохии: Наместништво-Штипско со парохиите, Наместништво-Струмичко со парохиите, Наместништво-Кочанско со парохиите, Наместништво-Малешевско со парохиите, Наместништво-Радовишко со парохиите, Наместништво-Царево Село со парохиите и Наместништво-Свети Николе со парохиите.

Од 1931 година дејствуваат[58]: Струмичко архирејско наместништво со седиште во Струмица, со 20 парохии; Кочанско архирејско наместништво со седичте во Кочани, со 16 парохии; Малешевско архирејско наместништво со седиште во Берово, со 19 парохии; Овчеполско архирејско наместништво со седиште во Свети Николе, со 10 парохии; Радовишко архирејско наместништво со седиште во Радовиш, со 8 парохии; Царевоселско архирејско наместништво со седиште во Царево Село (Делчево), со 7 парохии; Неготинско архирејско наместништво со седиште во Неготино, со 5 парохии и Гевгелиско архирејско наместништво со седичте во Гевгелија со 15 парохии.

### IV.3.3. Парохии

Парохијата е заедница на православни лица под духовно раководство на еден парохиски свештеник. Епархискиот Архиереј во договор со Епархискиот Духовен суд и Епархискиот управен одбор донесувале одлуки за формирање на нови и регулирање на старите парохии.

Секоја парохија имала своја парохиска црква. Повеќе парохии можеле да имаат една заедничка црква, а ако во една имало повеќе цркви, само една од нив е парохиска, а останатите биле подрачни. На чело на секоја парохија стоел парох.

Од обединувањето на СПЦ во Кралството СХС па се до прогласувањето на првиот Устав на СПЦ во 1931 година, организационата поставеност на парохиите била доста едноставна. Највисок орган на црковната власт била

[58]Ibidem, 206.

црковната управа. Со црковните работи управувал парохот, покрај парохот секоја година од страна на црковната управа се бирале благајници кои раководеле со црковната каса и со буџетот на црквата и по тројца тутори кои се бирале секоја година.

Со прогласувањето на Уставот и парохиите добиле нова организациона поставеност. На чело на парохијата стои црковна управа, а во 1932 година црковната управа е укината и е заменета со Привремено поверенство. Привременото поверенство требало да функционира до конституирањето на Црквеноопштинските совети и Црквеноопштинските управни одбори. Привремената управа ја сочинувале 3 до 5 членови. За претседател на поверенството бил избиран најстариот по чин, парохот или старешина на црквата. Членовите ги именувал Епархискиот Архиереј со Епархискиот црковен суд, а на предлог на парохот. Задачата на привременото поверенство била да ги извршува секојдневните тековни работи. Покрај тоа негова главна задача била да ја спроведе организацијата на црковните општини, односно да изврши избор на Црквеноопштинските совети и Црквеноопштинските управни одбори. Со изборот на овие тела функцијата на Привременото Поверенство преоѓа во надлежност на гореспоменатите тела.

По Уставот од 1931 година активноста на парохијата се одвивала преку следните органи[59]:

- Црковноопштински збор;
- Црковноопштински совет и
- Црковноопштински управен одбор.

Цркоовноопштинскиот збор го сочинувале сите полнолетни машки членови на црковната општина кои плаќале порез. Го свикувал претседателот по потреба.

Црковноопштинскиот совет го избирале членовите на Црковноопштинскиот збор кои навршиле 24 години старост и кои не го изгубиле бирачкото право.

[59]ДАРМ, 10, 319, 002

Парохијата имала список на бирачи, а списокот го составувал парохот врз основа на парохиските книги. Во списокот се внесувало име и презиме, година на раѓање, возраст, занимање и адреса  на секој бирач. Списокот се изложувал јавно на увид во парохиската канцеларија 14 дена, за да може секој парохјанин, да даде свои предлози.

Црковноопштинскиот совет го сочинувале од 24 до 60 членови и половина од тој број заменици. Бројот на членовите го одредувал Епархискиот управен одбор. За член на Црковноопштинскиот совет можел да биде избран секој член на парохијата кој ги имал сите услови на Црковноопштински бирач, кој навршил 30 години од животот и кој во дотичната црковна општина живеел најмалку една година. Црковноопштинскиот совет се бирал на шест години и се состанувал во седиштето на црковната општина двапати годишно, заради утврдување на сметките и преглед на завршните сметки. Советот се состанувал и вонредно по заклучок на Црковноопштинскиот одбор кога во писмена форма доставувале барање повеќе членови на Црковноопштинскиот совет и по наредба на Епархискиот управен одбор.

По конституирањето на Црковноопштинскиот совет, веднаш се пристапувало кон избор на Црковноопштинскиот управен одбор со тајно гласање.

Црковноопштинскиот управен одбор го сочинувале 6 до 12 членови во зависност од бројот на црковниот совет и останатите прилики во црковната општина. Во управниот одбор влегувале претседателот и потпреседателот на црковниот совет како и парохот, односно најстариот старешина на црквата, член на црковниот совет. Останатите членови како и еден број на нивни заменици ги бирал црковниот совет од својата средина на шест години. Управниот одбор бирал секретар, благајник и потребен број тутори по потреба и надвор од својата средина. Одборот се состанувал на повик на претседателот, најмалку еднаш неделно, а во зависност од потребите и повеќе пати. Управниот одбор можел полноважно да решава, ако во седницата присуствувале мнозинство на членови.

Ваквата црковно-административна шема постоела до 1941 година, односно до потпаѓањето на Злетовско-струмичката епарија под власта на Бугарската егзархија.

# V. Македонското црковно прашање во периодот од 1941-1967

## V.1. Формирање на верско поверенство во 1943 година

По капитулацијата на Италија (8 септември 1943 година) во Западна Македонија била создадена голема слободна територија. Оваа слободна територија се протегала од Гостиварско на север, до Ботун на југ и од Дебар на запад до бугарската зона на разграничување на исток. Во селата биле формирани селски народноослободителни одбори, а во средишните села и општински одбори. Сите вакви одбори имале за задача да се грижат за нормализирање на животот на слободната територија, да го чуваат поредокот и редот, имотот, како и да се грижат за животот на луѓето. Биле отворени училишта во кои наставата се изведувала на македонски јазик.

Бројните проблеми коишто се јавувале наложиле Главниот штаб на НОВ и ПОМ да изврши поделба на сектори. За таа цел на 11 октомври 1943 година во село Црвена Вода (Дебарца), од страна на Главниот штаб била донесена одлука за формирање на неколку одделенија и служби при неговиот состав, а меѓу останатите било формирано и верско поверенство.[60] Ова поверенство било формирано по иницијатива на македонското свештенство, а со задача привремено да биде надлежно за црковната проблематика во Македонија.[61] Со формирањето на верското поверенство при Главниот штаб на НОВ и ПОМ на слободната територија православното свештенство ја отфрлило јурисдикцијата на Албанската православна црква и се ставило под административен надзор и духовна подреденост на ова поверенство.

---

[60] Борче Илиевски, Македонско-српските црковни односи 1944 -1970 година, Скопје, 2011, 25.

[61] Сеќавања на свештеник Антим Поповски за создавањето на верското поверенство при Главниот штаб на НОВ и ПОМ на ослободената територија 1943 година, Весник на МПЦ В/1963, 165 – 166.

Спроведувајќи ги во дело одлуките на Главниот штаб на НОВ и ПОМ командантот на Главниот штаб со своја наредба од 15 октомври 1943 година за верски референт го назначил свештеникот Вељо Манчевски од село Броштица, Дебарско. Меѓу другото, во наредбата се истакнувало дека сите решенија од верскиот референт се обврзни за сите свештеници и верски општини на слободната територија. Се разбира дека решенијата и наредбите од верското поверенство не се однесувале на догматски прашања, туку имале само административен карактер.

Од страна на верскиот референт Вељо Манчевски, било упатено циркуларно писмо до сите села на ослободената територија. Во писмото, најнапред, се објаснува новонастанатата положба по ослободувањето на овие краишта, а потоа се нагласува потребата од преземање на мерки за организирање на свештенството и регулирање на верските односи. Во писмото, меѓу другото, се истакнува: „Народноослободителната војска во борбата за слобода на македонскиот народ ослободи еден дел од неговата територија и заведе ред, законитост и дисциплина на која треба да се потчинуваат како одделни лица, така и извесни управни тела, било со верски или од друг карактер". Потоа, откако објаснува дека при Главниот штаб на НОВ и ПОМ има определено лице за верски референт по источно–православна вера во писмото се вели: „...јас долу потпишаниот сметам за потребно да ви дадам извесни упатства за вашата работа во иднина". Тие упатства се дадени во десет точки во кои се вели:

1. „Со успоставуењето на народноослободителната власт престанујат да важат сите закони и наредби от бившата окупаторска власт.
2. Се кинат сите верски врски со верските установи што се најдуваат надвор от територијата на ослободената македонска земја.
3. Сите свештеници на ослободената територија административно потпаѓаат под власта на Главниот штаб на НОВ и ПО на Македонија.
4. Сите свештеници својата верска работа со населението ја извршујат по правилата на Источно–православната црква како и до сега што беше (венчавка, погребуење, крстење и други верски работи).

5. Матичните и други книги се водат на македонски јазик.
6. Строго се забранува на сите свештеници да земајат високи такси за исполнуењето на верските обреди.
7. Сите спороj (брачни или други) што ќе се појават свештениците треба да ги достават на Околиското наместништво на ослободената територија, које ќе биде скоро избрано, или до Главниот штаб, пред да биде избрано наместништвото.
8. За сите работи, који ќе се појават во токот на работата, а истите не се изложени во писмово, веднаш да се извести Наместништвото за саветуење и за разрешуење.
9. Се задолжуат сите свештеници во својата парохија да држат проповеди во који ќе му кажат на народот дека народноослободителната војска не праи никакви пречки на вероисповедуењето и дава полна слобода на свештениците да си ја вршат својата верска работа како и до сега.
10. Досегашното споменуење на епископот Христофор се забрануе, пошто истиот е надвор от ослободената територија, а ќе се споменујат само православни архиепископи и епископи – без име. Исто така, на ектенијата ќе се спомenue народноослободителната војска т.е. „ешче молимсја о народно–ослободителном воинствоем".[62]

Во втората половина на месец октомври 1943 година во присуство на единаесет свештеници и дваесет и пет претставници на народноослободителните одбори се одржало првото свештеничко собрание, во куќата на Јонче Трифунов Николоски во селото Издеглавје, Дебарца. Главна точка на дневен ред било организирањето на црковно–административната власт на слободната територија, односно формирање на архијерејско наместништво на таа територија. За архијерејски наместник бил

[62] АСНОМ (Антифашистичко собрание на народното ослободување на Македонија) Документи од Првото и Второто заседание на АСНОМ том I, книга 1. Избор, редакција и коментари д-р Александар Христов, д-р Миле Тодоровски, д-р Новица Велјановски, Архив на Македонија, Скопје 1984: Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и национална држава, том втори, Скопје 1981, 537 – 539.

избран свештеникот Антим Поповски, од село Слатина, Дебарца. Во црковно–административен поглед архијерејското намесништво било поделено на девет парохии и, притоа, конкретно биле назначени парохиските свештеници.[63] На собранието биле донесени повеќе одлуки за вклучување на свештенството во НОВ и ПОМ, собирање на помош во храна и облека, регулирање на парохиите и определување на свештениците по месните цркви. Соборот се занимавал и со образовни проблеми, а бил подготвен и список на учители кои можеле да одржуваат настава по македонски јазик.[64] Командантот на Главниот штаб на НОВ и ПОМ, Михајло Апостолски упатил телеграма до собранието. Од името на собранието одговорил архијерејскиот намесник Антим Поповски кој ја истакнал приврзаноста на свештенството кон народноослободителното движење.

Овој собор на македонското свештенство претставува прво колективно донесување на историски одлуки за отфрлање на јурисдикцијата на соседните национални цркви на територијата на Македонија.[65] Верското поверенство барало од архијерејското намесништво во село Издеглавје да се изврши попис на свештенството од слободната територија како и попис на сите цркви, манастири и капели во секоја парохија. Меѓу другото, се барало да се изврши и попис на православното население од слободната територија, колку луѓе има една парохија, бројот на семејствата, бројот на населението во секое село, брачни двојки и друго.[66]

---

[63] 1. Слатинска парохија со свештеникот Антим Поповски, 2. Слатинска парохија со свеште никот Томо Поповски, 3. Локовска со свештеникот Кирил Стојановски, 4. Годивјанска со свештеникот Зафир Јовановски, 5. Арбиновска со свештеникот Ристо М. Талевски, 6. Белчишка со свештеникот Ристо Талевски, 7. Велмејска со свештеникот Ламбе Поповски, 8. Злеска со свештеникот Матеја Н. и 9. Врбјанска со свештеникот Силјан Ристовски (Сеќавања на свештеник Антим Поповски..., 165)

[64] Антим Поповски, Издеглавје нов Витлеем за време на НОБ, Документарно одделение на ИНИ, 11.

[65] Јован Белчовски, Автокефалноста на Македонската православна црква, Скопје, 1990, 140.

[66] Миле Тодоровски, Op.cit., 165.

Но, политичката и воената состојба не дозволувале поверенството подолго време да може да ја врши својата дејност. Германските војски преземале широка офанзива против единиците на НОВ и ПОМ во Западна Македонија, со цел, да ги обезбедат комуникациите за стационирање на своите сили во Албанија по капитулацијата на Италија. Германските војски со дел од албанските балисти на 4 декември 1943 година ја започнале оваа офанзива. Главниот штаб на НОВ и ПОМ решил да дејствува во Централна и Источна Македонија и донел одлука, најнапред, да се префрли во Егејскиот дел на Македонија, а повлекувањето започнало на 5 декември. Слободната територија во Дебарца и Малесија била реокупирана од германските војски и од албанските балисти.

По повлекувањето на единиците на НОВ и ПОМ започнало тероризирање на месното македонско население. Архијерејскиот намесник, свештеникот Антим Поповски од неговото родно село Слатина бил спроведен во затвор најпрвин во Дебар, а потоа и во Тирана, каде што бил подложен на физичко и психичко малтретирање.[67] По овие настани престанала дејноста на архијерејското намесништво и на верското поверенство и оваа територија повторно, но само номинално, била ставена под јурисдикција на Албанската православна црква.

## V.2. Македонското црковно прашање и АСНОМ

Со одлуките донесени на Првото заседание на АСНОМ, истовремено со решавањето на македонското државно правно прашање се правеле напори и за решавање на македонското црковно прашање. Помеѓу сто и шеснаесетте делегати на Првото заседание на АСНОМ имало и четворица свештеници, Вељо Манчевски, Кирил Стојановски, Иван Велев и Иван Гелев (поп Шаќо).[68] Дел од свештенството активно било вклучено во

[67] Свештеникот Антим Поповски дава детален опис на овие настани во неговото Сеќавање за учество во НОБ, Документарно одделение на ИНИ.

[68] Борче Илиевски, OP. cit,31 – 34.

движењето на отпорот и пред заседанието на АСНОМ. Свештеникот Кирил И. Стојановски од село Локов активно учествувал во формирањето на Првата македонска ударна бригада. При свечениот чин на формирањето на бригадата свештеникот ги поздравил борците и го осветил бригадното знаме. Тој бил поставен и за бригаден свештеник.[69] Во Президиумот на АСНОМ уште на првите состаноци се дискутирало за одредени црковни прашања. На Третото заседание на Президиумот на АСНОМ одржано од 2 до 5 септември 1944 година во манастирот Свети Прохор Пчински се водела дискусија за тоа дали предметот *вероучение* треба да влезе во редовна настава во училиштата. На крајот било заклучено овој предмет да биде изучуван факултативно и да остане во рамките на училиштата.[70]

Важен чекор на македонското свештенство на патот за разрешување на македонското црковно прашање претставува формирањето на Иницијативниот одбор за организирање на црковниот живот во Македонија. Овој одбор бил формиран во октомври 1944 година на слободната територија во село Горно Врановци, Велешко каде што привремено бил сместен Главниот штаб на НОВ и ПОМ. Овој одбор го сочинувале свештеници коишто се наоѓале на слободната територија. На Осмото заседание на Президиумот на АСНОМ одржано на 27 октомври во Горно Врановци помеѓу дваесет и шесте новокооптирани членови за член на АСНОМ бил избран и свештеникот Методи Гогов.[71]

На состанокот на Президиумот одржан на 3 ноември 1944 година по предлог на Петре Пирузе за член на Президиумот на АСНОМ бил избран и свештеникот Вељо Манчевски.[72] Покрај овие споменати свештеници во Иницијативниот одбор за организирање на црковниот живот во Македонија биле и свештениците Спиро Дамевски, Панде Поповски и други. Прва

---

[69] Сеќавања на Кирил Стојановски од периодот на НОВ, Документарно одделение на ИНИ; Нестор Поповски, Православната црква и народната револуција во Македонија, Весник МПЦ, III/2, Скопје 1961.

[70] Президиум на АСНОМ – Записници, ИНИ, Скопје 1994, 38.

[71]Президиум на АСНОМ – Записници..., 39.

[72] IBidem, 44.

мерка којашто била преземена од овој одбор е препораката за основање на духовни одбори (еден вид на црковни општини) во ослободените македонски градови.[73]

Споменативе свештеници продолжиле активно да работат и по формирањето на Иницијативниот одбор. Во предвечерието на ослободувањето на Скопје под раководство на свештеникот Методи Гогов била формирана иницијативна група за црковно–административно организирање на црквата во Македонија и за благовремена подготовка за денот на конечното ослободување. Во оваа група освен Гогов биле и свештениците Никола Апостолски и Кирил Стојанов.[74] Овие свештеници по ослободувањето на Скопје на 13 ноември 1944 година ја отвориле Скопската митрополија и продолжиле да дејствуваат во неа. Во ослободеното Скопје одборот го сочинувале десетина свештеници кои продолжиле со работа. Иницијативниот одбор испратил писма до сите намесништва во Македонија во кои се сугерирало да се организираат духовни одбори на демократска основа кои би раководеле со црковниот живот. Освен тоа, во упатствата се барало црковните настојателства или одбори во одделните места во

---

[73] Александар Трајановски, Оп.цит., 45. По изборот на споменативе свештеници за членови на Президиумот на АСНОМ на состанокот одржан на 3 ноември 1944 година од страна на свештениците бил прочитан извештај и било решено извештајот да биде проучен од членовите на Президиумот, а потоа да се донесат заклучоци во врска со статусот на Православната црква во Македонија. За извештајот било дискутирано и на Второто вонредно заседание на АСНОМ, одржано на 30 декември 1944 година во Скопје и на заседанието на Президиумот на АСНОМ од 1 јануари 1945 година, каде откако се конституирал нов президиум, свештеникот Јован Гелев и самиот член на Президиумот го поставил прашањето за основање на верско поверенство при Президиумот на АСНОМ. Президиумот решил во тој момент да не се основа верско поверенство, бидејќи со новите прописи религијата била одделена од државата. За ова прашање дискутирале Методија Андонов-Ченто, Димитар Влахов и Лазар Колишевски. Во дискусиите преовладало мислењето дека македонските свештеници во иднина сами треба да се грижат за верските прашања и за потребите на македонските верници, а за сите поважни и потешки прашања да се консултираат со Президиумот на АСНОМ. (Президиум на АСНОМ – Записници..., 61.)

[74] Славко Димевски, Историја на Македонската православна црква...., 1027

Македонија да изберат свои претставници за претстојниот Прв црковно–народен собор во Скопје.

Одборот организирал и разни свечености и прослави за повеќе поводи. За првпат во ослободено Скопје на 8 декември 1944 година бил одбележан денот на Свети Климент Охридски. Во функција на потенцирањето на континуитетот на македонскиот индивидуалитет и за афирмирање на националните и општоцивилизациски вредности на делата на македонските историски личности се одржало чествување на овој голем словенски просветител.[75] Во весникот „Нова Македонија"–орган на Народноослободителниот фронт на Македонија по повод овој празник била издадена статија за значењето на Свети Климент во македонската историја.[76] На свечената прослава во Скопје за свети Климент говорел учителот Димитар Поп Евтимов.[77] Македонските свештеници во овој период биле мошне активни во тогашните општествени организации. Така, на Првата национална конференција на НОВ за Македонија, свештеникот Методи Гогов зборувајќи за формирањето на Македонската православна црква во слободна Македонија, истакнал дека таа ќе биде поткрепа на народот и ќе му помогне да достигне своја култура. Тој истакнал дека Православната црква во Македонија ќе биде така уредена што нема да пречи на ниту една друга религија.[78]

---

[75] Михајло Миноски, Авнојска Југославија и македонското национално прашање 1943 – 1946 година, Скопје 2000, 134.

[76]„Нова Македонија" 8 декември 1944 година, бр.10; АСНОМ, Документи од Првото и Второто заседание на АСНОМ, том I, книга 2, 323 – 324, 339 – 341.

[77]„Нова Македонија" 9. декември 1944 година, бр.11

[78]„Нова Македонија" 30. ноември 1944 година, бр. 5

## V.3. Прв црковно-народен собор

На почетокот на декември 1944 година по конечното ослободување на Македонија и делумното стабилизирање на состојбите, скопскиот митрополит Јосиф го замолил Светиот архијерејски синод на Српската православна црква да се преземат мерки кај граѓанските и воените власти, со цел, да се дозволи враќање на свештенството и архијереите во, како што истакнал, „Јужна Србија”. По тој повод бил замолен повереникот на Националниот комитет за внатрешни работи да ги издаде потребните упатства до граѓанските и воените власти за нивно непречено враќање во епархиите[79] во Македонија.

Заради тоа што не добил дозвола да замине во Македонија и, веројатно, заради зафатеноста со администрацијата во Патријаршијата, бидејќи го менувал патријархот Гаврил, митрополитот Јосиф на 30 декември 1944 година побарал од пензионираниот поранешен епископ пеќски Јеротеј (Гавриловиќ)[80] – роден тетовчанец, во случај на потреба привремено да администрира со Скопската и Охридско–битолската епархија. Епископот Јеротеј на барањето дал своја писмена потврда, но, до извршување на овие одлуки не дошло.[81]

Во редовите на Иницијативниот одбор веднаш по ослободувањето започнале забрзано да работат на организирање на Собор на кој би биле официјализирани барањата за организирање на самостојна Македонска православна црква, односно за обновување на древната Охридска

[79] Српска православна црква у Другом светском рату (из архива Светог синода), Београд, 1991, 131

[80] Епископот Јеротеј (Гавриловиќ) бил роден на 20 септември 1873 година во Тетово. Завршил богословија во Призрен и Теолошки факултет во Атина. До изборот за епископ бил наставник во богословијата во Призрен. За епископ пеќски бил поставен во 1926 година. По укинувањето на епархијата во 1931 година бил пензиониран. Починал на 20 октомври 1946 година во манастирот Раваница во Србија. (Епископ Сава, Епархије и епископи Српске православне цркве – Споменица СПЦ 1920 – 1970, Београд 1971, 526).

[81] Српска православна црква у Другом светском рату..., 132; ™око СлијепчевиÊ, Питање Македонске православне цркве у Југославији, Минхен, 1959, 28.

архиепископија. Од почетокот на 1945 година раководството и членството на Иницијативниот одбор ги привршувало последните подготовки за организирање на еден ваков Собор на кој би се поставиле основите на идното уредување на Православната црква во Македонија. Подготовките не биле лесни, особено контактите со свештенството од внатрешноста, но, сепак, биле подготвени сите материјали и извештаи за успешно одвивање на соборот. Во овој период постоела општа оценка дека треба да се конституира самостојна македонска црква.

Во текст во весникот „Нова Македонија" од март 1945 година е запишано: „нашата црква ќе се конститура како самостојна македонска црква рамноправна на соседните православни цркви, како на српската, бугарската и други. Нашата црква има историско право на тоа. Славната Охридска архиепископија ќе се обнови и ќе се даде можност на нашата црква да се обноват нејзините славни слободарски и културни традиции. Нашето свештенство е со полна свест за тоа дека во редот на другите извојувани тековини од нашиот народ во НОВ е и верската слобода која му дозволува да ги решава своите црковни прашања без туторство и наредби од страна, да изгради своја народна црква".[82]

Во ваква атмосфера на полно одобрување и прифаќање на самостојноста на Македонската православна црква започнал Првиот црковно–народен собор. Соборот ја започнал својата работа претпладнето на 4 март 1945 година во салата на Офицерскиот дом во Скопје.[83] Пред околу триста делегати Соборот го отворил протојерејот Кирил Стојанов, парохиски свештеник во црквата Свети Константин и Елена во Скопје и член на Иницијативниот одбор за организирање на Православна црква во Македонија. Видна и значајна улога во Соборот имале и повеќе македонски општественици, свештеници и интелектуалци како што биле Методи

---

[82] „ Нова Македонија", II/53, 4. март 1945 година .

[83] Александар Трајановски, Возобновувањето на Охридската архиепископија како Македонска православна црква и нејзиниот шематизам, Скопје, 2008, 232 „Нова Македонија", II/54, 6 март 1945 година.

Гогов[84], Никола Апостолски, Петар Хр. Илиевски, Ѓорги Милошев[85], Левко Арсов, Борис Бошковски, Лазар Кескинов и многу други кои и понатаму за целото време на решавањето на македонското црковно прашање имале значајна улога, а некои од нив по конституирањето на Македонската православна црква ќе станат нејзини архијереи или раководители на значајни црковни институции.[86]

На Соборот присуствувале и претседателот на Президиумот на АСНОМ Методиј Андонов-Ченто, претставникот од армијата полковник Панче Неделковски, помошник-повереникот за просвета Љубен Лапе и

---

[84] Методи Гогов (1912-1999) роден во Штип каде го оформил основното образование. По завршувањето на битолската богословија се запишал на Богословски факултет во Белград, каде дипломирал во 1936 година. За време на Втората светска војна бил парохиски свештеник во Штип. Кон крајот на војната се вклучил во ослободителното движење и бил еден од основачите на Иницијативниот одбор за организирање на Македонска православна црква. По ослободувањето заедно со други свештеници го организира Првиот црковно-народен собор. Во 1948 година бил осуден на затворска казна од пет и пол години, а по отслужувањето на затворската казна бил свештеник во Скопје. Како учесник на Вториот црковно-народен собор Секретаријатот за внатрешни работи за него ја составил следната карактеристика: „Методи Гогов, на 54 години, парох во Света Мина, бивш осуденик, ванчовист, сега повлечен - авторитетен". (ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к.1, Список на делегати на Македонскиот црковно-народен собор). Во периодот од 1966 до 1970 година бил свештеник во Австралија, а во 1970 година бил назначен за ректор на Македонската православна богословија. За митрополит бил хиротонисан на 25 декември 1988 година. На 4 декември 1993 година е избран за поглавар на Македонската православна црква. Почина во Скопје во јули 1999 година. (Михаил архиепископ охридски и македонски, Скопје, 1994, 23-27).

[85] Ѓорги Милошев (1912-1996) во монаштвото познат како Гаврил. Роден е во Скопје каде го оформил своето образование. Во 1936 година дипломирал на Филозофскиот факултет во Скопје. Во 1942 година бил ракоположен за свештеник. Во 1978 година бил избран за повардарски митрополит, а во октомври 1986 година бил избран за поглавар на Македонската православна црква. (Александар Гиревски, Негово блаженство архиепископ Гаврил трет по ред на обновената Охридска архиепископија, Скопје 1994.)

[86] Александар Трајановски, Црковно – народниот собор од 1945 година и ангажирањето на свештеникот Методи Гогов за возобновување на Охридската архиепископија, Сп.Историја, 35-36/1-4, Скопје 1995/96, 51.

претседателот на Градскиот НОО Лазар Танев.[87] Присуството на овие репрезенти од раководството на македонската држава само го зголемило значењето на овој највисок претставнички форум на црковно–народната јавност во Македонија и означувало полна поддршка од тогашното раководство во Македонија кон тежнеењето за црковна автокефалност.[88]

Соборот го поздравил и претседателот на Президиумот на АСНОМ Методиј Андонов-Ченто кој истакнал дека НОВ не се водел со идејата за борба против православната црква и верата воопшто и дека верниците имаат право на народна црква.[89] Во својата дискусија Ченто ја истакнал улогата на народното свештенство во ослободителните борби на македонскиот народ, при што заклучил дека македонскиот народ има целосно историско право на своја автокефална црква, бидејќи тој е слободен и како таков може сам да ги решава своите проблеми.[90]

Во својата дискусија свештеникот Кирил Стојанов при отворањето на Соборот во духот на тогашните политички погледи рекол: „првата и најважна точка во нашата програма е нашето општо желание имајќи ја нашата слободна и голема федеративна демократска Југославија и во неа како рамноправен член слободна федерална Македонија да ја имаме и слободната наша Македонска православна црква".[91] По воведниот говор на свештеникот Кирил Стојанов, членот на Иницијативниот одбор теологот Левко Арсов поднел исцрпен извештај за историското и канонско право на македонскиот народ за своја автокефална православна црква. Во историскиот дел на рефератот му бил отстапен простор на повеќевековното постоење на автокефалната Светиклиментова охридска архиепископија и на долгогодишните борби на македонскиот народ за нејзина обнова. „Канонското право на македонскиот народ да има своја автокефална црква се базира на 38. правило на Петтиот и Шестиот вселенски собор кое ја

[87] „Нова Македонија", II/53, 4 март 1945 година.

[88] Доне Илиевски, Автокефалноста на Македонската православна црква, Скопје, 1972, 122.

[89] „Нова Македонија", II/53, 4 март 1945 година.

[90] Мирослав Спировски, Борба за автокефалност, Скопје 1990, 25.

[91] „ Нова Македонија", II/53, 4 март 1945 година.

повторува завршната одредба на седумнаесеттото правило од Четвртиот вселенски собор и гласи: ако со царска наредба е основан нов град или ако претходно бил основан, во таков случај распоредувањето на црковните области да биде како државниот и граѓанскиот распоред”.[92]

Свештеникот Никола Апостолски член на Иницијативниот одбор поднел извештај за дотогашната работа на Иницијативниот одбор за организирање на Македонска православна црква. По поднесувањето на рефератот и извештаите повеќе дискутанти целосно ги поддржале рефератот и извештаите за работата на Иницијативниот одбор. Во текот на работата на Соборот бил избран одбор кој на Соборот му ја предложил следната резолуција:

1. Македонскиот православен народ преку своите делегати од сите духовни центри на Македонија донесува решение да се обнови Охридската архиепископија, како Македонска самостојна црква, која нема да биде потчинета на ниедна друга помесна национална православна црква;
2. Македонскиот православен народ донесува решение за свој епископат и свое народно свештенство кое ќе биде гаранција дека нашиот народ ќе ги зачува карактерните особености и ќе биде поблизок до својата родна црква;
3. Се одлучува првиот македонски епископ на возобновената Охридска архиепископија да ја носи титулата: „архиепископ охридски”, а нашата православна црква да се вика: „Светиклиментова охридска архиепископија”;
4. Избрана делегација да ги посети сите сестрински цркви или писмено да ги извести и да биде толкувана пред нив како таква, за да добие пред нив канонска потврда;
5. По завршувањето на таа работа предлагаме делегација која ќе ги викне на гости епископите на другите православни цркви, а ние да бидеме

[92] Миодраг Periќ, Историско – правните аспекти на односите помеѓу Српската православна и Македонската православна црква, Скопје, 1998, 201; Славко Димевски, Историја на Македонската православна црква..., 1029.

викнати на Второто заседание за избор на кандидати за наши народни владики, кои ќе бидат хиротонисани од гостите епископи;

6. Првиот меѓу нашите епископи сакаме да биде устоличен на свечен начин во град Охрид, престолот на Охридската архиепископија;
7. Кога ќе се создаде Југословенска православна црква – патријаршија и нашата Македонска православна црква ќе влезе во нејзиниот состав како и другите православни цркви во Федеративна Југославија.[93]

Оваа резолуција била прифатена од делегатите на Соборот, а на крајот на Соборот биле испратени и телеграми до Президиумот на АВНОЈ, до Тито, до цариградскиот патријарх и до Светиот синод на Српската православна црква. На 4 март била одржана и панихида за паднатите борци во текот на НОВ, како и за сите борци паднати за слободата на македонскиот народ.[94]

Давањето на согласност за создавање на Југословенска православна црква и влегувањето на Македонската православна црква во нејзиниот состав во одредена смисла значело откажување од автокефалниот статус на сопствената црква. Имајќи ги предвид црковните канони за организирањето на Македонската православна црква преку обнова на Охридската архиепископија, Црковно–народниот собор за реализација на својата резолуција пристапил кон избор на нов иницијативен одбор за организирање на Македонска православна црква на чело со протојерејот Кирил Стојанов, парохиски свештеник од Скопје.[95]

Новиот Иницијативен одбор веднаш се зафатил со спроведување на задачите од резолуцијата. Мошне брзо биле формирани околиски духовни одбори, благодарејќи на залагањето на поактивните свештеници како што биле Никола Апостолски, Кирил Стојанов и други. Надлежноста на овие духовни одбори се однесувала на судовите, на црковните прописи во подрачјата во кои се формирале, право да вршат надзор над црквите,

---

[93] Весник на МПЦ, број 1/67, Орган на Македонската архиепископија – Резолуција од Првиот црковно – народен собор на МПЦ.

[94] „ Нова Македонија”, II/54, 6 март 1945 година.

[95] Славко Димевски, Историја на Македонската православна црква..., 1030.

манастирите и имотот. Посебно била значајна улогата на овие духовни одбори во запознавање на парохиското свештенство, на црковните одбори и манастирски управи со резолуцијата од Првиот црковно–народен собор.

Иницијативниот одбор свикал пленарна седница која се одржала на 20 април 1945 година во Скопје. На седницата големо внимание било посветено на отпорот што доаѓал од раководството на Српската православна црква, Иницијативниот одбор меѓу другото заклучил: „во врска со пратките испраќани до „српске цркве" во Македонија да се испрати писмо до ПТТ со кое би се замолила поштата истите да не ги дистрибуира и да ги враќа назад бидејќи такви цркви во Македонија нема".[96]

Од активностите на Иницијативниот одбор за реализација на задачите на соборската резолуција, посебно е значајно формирањето на духовни судови во Македонија. Организирањето и оспособувањето за работа на овие духовни судови била една од приоритетите на Иницијативниот одбор во овој период. Пленумот на Иницијативниот одбор на своето заседание во Скопје на 19 јуни 1945 година донел одлука да бидат основани и да почнат со работа духовните судови за православните христијани во Македонија. Било решено седиштата на духовните судови да бидат во Скопје, Охрид, Битола и Штип.[97]

По одржувањето на Првиот црковно-народен собор и донесените одлуки, Иницијативниот одбор за организирање на Православна црква во Македонија со телеграма од 9 март 1945 година го запознал Светиот архијерејски синод на Српската православна црква за соборските решенија.[98] По овој повод на 12 март 1945 година во Белград била одржана Епископска конференција, на која присуствувале митрополитот скопски Јосиф и епископите Нектариј, Венјамин, Симеон, Владимир и викарниот

---

[96] Миодраг Периќ, Историско – правните..., 203 – 207.

[97] ДАРМ, ф. Претседателство на Владата на НРМ, 159. 2. 54/248, Писмо од Иницијативниот одбор за организирање на Православна црква во Македонија за организација на работата на духовните судови за православните христијани во Македонија.

[98] Јован Белчовски, Автокефалноста на Македонската православна црква, Скопје, 1990, 142; Ђоко Слијепчевић, Оп.цит., 169.

епископ Валеријан. На конференцијата бил донесен заклучок дека акцијата на Иницијативниот одбор за организирање на Православна црква во Македонија како и соборот во Скопје се „неканонски и за акцијата на овој одбор ништо не може да се суди и пресудува". Истиот ден седница одржал и Синодот на Српската православна црква при што се согласил со заклучоците на Епископската конференција. Било побарано од митрополитот Јосиф да замине од Скопје и да го проучи процесот што се одвивал во Македонија, како и да поднесе исцрпен извештај, мислења и предлози. Но, од Сојузното министерство за внатрешни работи не му било дозволено да замине за Скопје. Предлогот на министерството бил да се повикаат претставници на свештенството од Македонија кои би го информирале митрополитот за новонастанатата состојба.[99]

Но, наместо кон смирување, работите се одвивале во спротивна насока. Митрополитот Јосиф на 2 април 1945 година го известил Светиот синод на СПЦ дека на 30 март истата година основал црковен суд за Скопската епархија, кој привремено бил сместен во Врање.[100] При посетата на членовите на Синодот на Српската православна црква на кралските намесници повторно било побарано на архијереите и свештенството да им се дозволи враќање во Македонија, а на властите да им се нареди да ги почитуваат одлуките и наредбите на епархиските црковни власти на Српската православна црква.[101]

Светиот архијерејски синод на Српската православна црква не можел да се помири со губењето на позициите што црквата ги имала во Македонија пред 1941 година, ниту со создавањето на посебна федерална

[99] Српска православна црква у Другом светском рату..., 134. Светиот синод на СПЦ се обратил и до Претседателството на Владата на ДФЈ со молба на архијереите и свештенството од Македонија веднаш да им се одобри и олесни враќањето во местата на нивната служба. На барањето, Синодот во мај 1945 година добил негативен одговор. (Предраг ПузовиÊ, Раскол у Српској православној цркви - македонско црквено питање...,157)

[100] Драган Клакиќ, Времето на Колишевски, Скопје, 1994, 306.

[101] Српска православна црква у Другом светском рату..., 134.

единица и со сите сили настојувале да ги вратат своите позиции во македонските епархии. Во овој контекст е одлуката под број 1279 и пов. 81, запис 471 што Синодот на Српската православна црква ја донел на своето редовно заседание одржано на 22 септември 1945 година во кое меѓу другото се вели: „Епархиите во сегашна федерална Македонија: Скопската, Злетовско-струмичката и Охридско-битолската епархија по редовен и канонски пат се присоединети кон Српската православна црква, за што сведочи и „Томосот” на Вселенската патријаршија. Јурисдикцијата на Српската православна црква врз овие области е потврдена од сите православни цркви... Светиот архијерејски синод не може да признае никаква самостојна и независна црква во федерална Македонија, која е прогласена без дозвола и согласност на Мајката црква и на нејзините канонски епархии во тие краишта, која е на прво место повикана да ја толкува волјата на народот во црковните работи, како фактор кој првенствено се грижи за народот Господов и води сметка за него. Го смета прогласувањето на некоја независна Македонска православна Климентова црква извршено во Скопје на 4 март 1945 година, од страна на некој божем црковно-народен македонски собор како целосно самоволен и неканонски акт. Не ја признава и осудува секоја акција и работа на самонаречениот Иницијативен одбор кој незаконски ја приграби црковната управа во тамошните епархии и без знаење и одобрение на нивните законски архијереи презема работи кои не спаѓаат во негова надлежност и со тоа го нарушува постојниот црковен поредок, го урива единството на Црквата, создава раскол и безредие во Црквата. Го повикува сето благочестиво свештенство и честитиот православен народ во Скопската, Злетовско–струмичката и Охридско–битолската епархија да и се обраќаат на својата законска и канонска епархија, да се покоруваат на нивните законски совети и наредби и во заедница со неа, чие враќање треба да се овозможи што поскоро, да ги задоволи сите свои црковни потреби во тие епархии во духот на канонските прописи”.[102]

[102] Одлуки на Синодот на СПЦ од 22 септември 1945 година, Гласник на СПЦ бр. 10, 1945

Од средината на 1945 година под притисок на властите слабее движењето за автокефалност. Во меѓувреме и покрај сите активности кои биле преземани од раководството на Иницијативниот одбор, еден дел од членовите на раководството на одборот се нашле во немилост на тогашните политички структури. Дури во еден период барањето за автокефалност било оквалификувано како шовинистички акт, а водачите на Иницијативниот одбор назначени како „бугарофили и ванчовисти".[103] Во друга анализа, пак, поддржувачите на барањата за автокефалност се оквалификувани како „Македонци сепаратисти и шовинисти на чело со поп Гогов".[104] Барањето за автокефалност се почесто се заменува со автономност во канонска врска со Српската православна црква.

### V.4. Втор црковно-народен собор

Иницијативниот одбор за организирање на Македонска православна црква ја разгледал новонастанатата состојба на проширен пленарен состанок што се одржал на 23 јули во Скопје. Едногласно било констатирано дека свештенството и верниците од Македонија со негодување ја примиле одлуката на Архијерејскиот собор на Српската православна црква и дека тоа не е во согласност со духот на договорот меѓу покојниот патријарх Викентиј и Иницијативниот одбор од 1957 година, за решавање на црковните прилики во Македонија. Се разгледувале и причините за отфрлање на кандидатската листа за епископи во Македонија, при што се констатирало дека ова прашање, всушност, игра клучна улога во нормализацијата на црковниот живот во Македонија. Во Иницијативниот одбор заклучиле дека вината за нерешавање на ова прашање паѓа врз Архијерејскиот собор на Српската православна црква со оглед на отстапките и компромисите што биле правени од Иницијативниот одбор во претходните години. Покрај

година.

[103]ДАРМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, 427. 59. 69/509 – 513.

[104] Архив на МАНУ, ф, Лазар Колишевски, к-45 , Проблеми на Православната црква во Македонија (1946)

решение за свикување на црковно–народен собор на кој било предвидено да се изврши избор на тројца епископи за македонските епархии, било решено на Соборот да му биде предложено обновување на Охридската архиепископија, која би била во канонско единство со Српската православна црква преку личноста на заедничкиот патријарх.[105] Во работата на овој проширен пленум на Иницијативниот одбор освен членовите на Пленумот и архијерејските заменици на Скопската, Охридско–битолската и Злетовско–струмичката епархија земале учество и членовите на црковните судови, архијерејските наместници и претставниците на епархиските свештенички здруженија. Проширениот пленум на Иницијативниот одбор за организирање на православна црква во НР Македонија ги донел следниве заклучоци:

1. Да се свика црковно-народен собор во Македонија;

2. На соборот да му се предложи обновување на Охридската архиепископија, која би била во канонско единство со Српската православна црква, преку нејзиниот поглавар Неговата Светост патријархот;

3. На Соборот да се предложи кандидатска листа од која Соборот ќе избере тројца епископи за епархиите во Народна Република Македонија;

4. Воспоставената црковна организација во епархиите во Народна Република Македонија врз основа на договорот со Блаженопочившиот патријарх Викентие да останесе до конечната одлука на Црковно-народниот собор;

5. Се задолжува Извршниот одбор на Иницијативниот одбор да ги изврши сите потребни подготовки за свикување на Црковно-народниот собор и дополнително да го одредеи времето и местото за неговото одржување;

[105] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к.1, Нови напори за решавање на прашањето на Православната црква во Македонија.

6. Решенијата на проширениот Пленум да бидат писмено доставени до Светиот архијерејски синод на Српската православана црква од страна на Извршниот одбор на Иницијатаивниот одбор;

7. Со решенијата на проширениот Пленум да бидат запознаени претставниците на народната власт, коишто досега укажуваа максимална помош за правилно и конечно решавање на црковното прашање и да се замолат и овој пат да укажат помош како би се овозможило ова прашање да се симне од дневен ред во интерес на нашата татковина”.[106]

Од заклучоците кои биле донесени на овој проширен Пленум на Иницијативниот одбор јасно е дека заложбите и влијанијата на државните органи вродиле со плод. Тие биле преточени во одлуката да му се предложи на Соборот обнова на Охридската архиепископија како Македонска православна црква, но, таа, сепак, да остане во канонско единство со Српската православна црква преку заедничкиот поглавар – патријархот на СПЦ. На Пленумот бил заземен став кој во иднина ќе се покаже како неоправдан и кој ќе донесе нови проблеми и натегања со Српската православна црква. Со заложбата Македонската православна црква да остане во канонско единство со Српската, преку заедничкиот патријарх, статусот на МПЦ бил поставен на половина пат помеѓу автономија и автокефалност (самостојност).

По одржувањето на проширениот Пленум на Иницијативниот одбор биле извршени низа подготвителни активности, како што била подготовката на Уставот на идната Македонска православна црква. Иницијативниот одбор посебно внимание им посветил на кандидатските листи за избор на епископи како и за изборот на поглаварот на Македонската православна црква. Одборот излегол со мислење дека најсоодветна личност за оваа должност е долгогодишниот кандидат на

[106]ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к-9, Писмо од Иницијативниот одбор за организирање на Православна црква во Македонија до Извршниот совет на НРМ од 29.7.1958 година)

Иницијативниот одбор за архијереј во Македонија топличкиот епископ во СПЦ, Доситеј.[107]

Во црковните кругови во Македонија настанало големо олеснување кога епископот Доситеј ја прифатил кандидатурата од Иницијативниот одбор и покрај притисокот што го вршеле врз него во Синодот на СПЦ, решил да замине во Македонија.[108]

По прифаќањето на епископот Доситеј да дојде во Македонија и да се вклучи во работата на Соборот и во животот на Македонската православна црква била направена и кандидатска листа за избор на епископи. Тоа биле луѓе кои во претходниот период важеле за кандидати за епископската должност, протојерејот Томо Димовски, Никола Трајковски, протојереј Спиро Поповски и теологот Владимир Поповски.[109]

По сите извршени подготовки Вториот македонски црковно–народен собор отпочнал со работа на 4 октомври 1958 година во присуство на 291 соборјанин (свештеници и мирјани). Претседателот на Иницијативниот одбор за организирање на Православна црква во Македонија, Нестор Поповски го отворил Соборот и ја прочитал одлуката на проширениот Пленум на Иницијативниот одбор од 23 јули 1958 година за свикување на Соборот. Во текот на работата биле избрани Работно претседателство и Верификациона комисија. Во почетокот работата на соборот ја поздравил и претседателот на Извршниот совет на НР Македонија и претседател на Републичката комисија за верски прашања Страхил Гигов. На Соборот се обратил и Милое Дилпариќ секретар на Комисијата за верски прашања при Сојузниот извршен совет, при што го поздравил Соборот во име на претседателот на Сојузната комисија за верски прашања, Добривое Радосављевиќ.[110] По утврдувањето на дневниот ред бил сослушан и едногласно усвоен извештајот за работата на Иницијативниот одбор.

---

[107] Миодраг Периќ, Историско – правните..., 241.

[108] Доне Илиевски, архиепископот охридски и македонски Доситеј..., 47.

[109] Доне Илиевски, Автокефалноста на Македонската православна црква..., 140.

[110] Гласник на МПЦ 1959, I/1, Историски собор.

Потврдени и одобрени биле и напорите и работата што Одборот ја вршел во макотрпните и долготрајни преговори и разговори со раководството на Српската православна црква.[111]

Во извештајот што бил одобрен од Соборот, поднесен од претседателот на Иницијативниот одбор Нестор Поповски, покрај другото се подвлекувал и негативниот однос на Српската православна црква кон решавањето на црковното прашање во Македонија. Поради таквиот однос на Српската црква, претседателот на Иницијативниот одбор на крајот од извештајот предложил црковното прашање во Македонија да се решава самостојно. Соборот го прифатил овој предлог заедно со предлогот за обнова на Охридската архиепископија како Македонска православна црква, но, бил прифатен и ставот, поглаварот на Српската православна црква да се признае и за поглавар на Македонската православна црква со што во одредена мера се ограничувала самостојнаста на Македонската православна црква. Одлуката на Вториот македонски црковно–народен собор за обнова на Охридската архиепископија била објавена во катедралната црква Света Софија во Охрид и таа гласи:

„Изразувајќи ја желбата на македонскиот православен народ и на неговото свештенство да има своја црква, а врз основа на историските и канонски права, Македонскиот црковно–народен собор едногласно ја донесе следната одлука:

1. Овој Црковно–народен собор одлучи да се обнови старата македонска Охридска архиепископија која беше присилно укината, а нејзините епархии беа приклучени кон Цариградската патријаршија во 1767 година и истата се вика „Македонска православна црква”.

2. Според основните канонски прописи дека црковните граници треба да се поклопуваат со државните граници, овој Собор одлучи црковните граници на епархиите на Македонската православна црква целосно да се поклопуваат со границите на НР Македонија.

[111] Доне Илиевски, Архиепископот охридски и македонски Доситеј..., 49.

3. Во составот на Македонската православна црква влегуваат: Скопската митрополија, Охридско–битолската и Злетовско–струмичката епархија со своите парохии што се наоѓаат на територијата на НР Македонија.

4. На чело на Македонската православна црква стои митрополит кој ја носи титулата – „архиепископ охридски и скопски и митрополит македонски". Седиште на митрополитот е во градот Скопје. Митрополитот со епархиските архијереи претставуваат највисока духовна власт во Православната црква во Македонија.

5. Животот и работата на Македонската митрополија, како и целиот црковен живот, ќе се одвива според Уставот и одредбите на Македонската црква што ќе ги донесе овој Собор како и според канонитe на Православната црква.

6. Овој Собор ќе го избере првиот митрополит на епархиските архијереи на Македонската православна црква од средината на своите домашни синови, а според Правилникот што ќе го донесе Соборот.

7. Заради одржување на црковно–канонското единство на Православната црква во ФНРЈ, Македонската православна црква ќе го признава патријархот на Српската православна црква како врховен поглавар на Православната црква. Единството на православната црква го репрезентира патријархот.

8. Правата и односите меѓу патријархот на Српската православна црква и Македонската православна црква ќе бидат утврдени со посебен договор.

9. Овој црковно–народен собор, по изборот на митрополит и епархиски архијереи, ќе ја продолжи својата работа како прв законодавен и уредбодавен редовен собор на Македонската митрополија.

10. За хиротонија на избраните архијереи и за преговори, односно склучување договор со Српската црква, се овластува Митрополитскиот соборно – управен одбор.[112]

---

[112] Гласник на МПЦ 1959, I/1, Историски собор.

По донесувањето на одлуката за обнова на Охридската архиепископија делегатите и гостите на Соборот се пристапило кон избор на поглаварот на Македонската православна црква, односно на архиепископот охридски и скопски и митрополит македонски (како што тогаш била официјалната титула на поглаварот на Македонската православна црква, којашто ќе ја носи до прогласувањето на автокефалноста во 1967 година), како и на епархиските архијереи. Претседателот на кандидатската комисија свештеникот Боро Станковски ги предложил кандидатите за избор на прв македонски митрополит и ги прочитал нивните биографии. По гласањето било утврдено дека за прв македонски митрополит е избран дотогашниот топлички епископ господин Доситеј.[113] По изборот посебна соборска делегација го вовела митрополитот Доситеј во црквата Света Софија каде што поглаварот на Македонската православна црква се обратил до соборјаните. На 5 октомври било извршено свеченото устоличување на првиот македонски митрополит Доситеј во црквата Свети Климент. Потоа, следувала заклетвата што ја прочитал архиепископот охридски и скопски и митрополит македонски Доситеј.[114]

По востоличувањето на поглаварот на Македонската православна црква соборјаните повторно се собрале во црквата Света Софија за да ги изберат архијереите на Преспанско–битолската и Злетовско–струмичката епархија. Со тајно гласање за преспанско-битолски епископ бил избран

[113] Славко Димевски, Историја на Македонската православна црква..., 1065; Доне Илиевски, Архиепископот охридски и македонски..., 58 – 65

[114] Текстот на заклетвата гласел: „Јас, Доситеј избран и востоличен митрополит македонски се заколнувам на семожниот Бог дека на својата татковина и на народните власти ќе им бидам верен и предан, ќе го почитувам и чувам црковниот устав, ќе ја чувам чистотата на православната црква, канонитe и прописите, а посебно ќе ја почитувам Македонската православна црква во сî, па и во своите дела и постапки ќе се раководам само за доброто и интересите на нашата Света црква и татковина. Нека ми помогне сезнајниот Бог, Пресвета Богородица, светите словенски апостоли Кирил и Методиј и свети Климент и Наум Охридски “. (Доне Илиевски, Архиепископот охридски и македонски..., 65 – 70.)

Никола Трајковски со 191 глас, а за злетовско-струмички протосингелот бил избран Наум (Томо Димовски) со 139 гласа.[115]

По изборот на архијереите претседателот на Извршниот совет на НР Македонија Страхил Гигов приредил свечен прием за сите членови на Соборот. На 6 октомври 1958 година под раководство на архиепископот охридски и скопски и митрополит македонски Доситеј Соборот ја продолжил работата со разгледување на Предлог - уставот на Македонската православна црква. Од името на комисијата за Уставот свештеникот Кирил Стојанов поднел писмено образложение. По дискусијата Уставот на Македонската православна црква едногласно бил донесен. Потоа, следело конституирање на Митрополитскиот управен одбор, Митрополитскиот црковно–судски совет и Митрополитскиот црковно–просветен совет со избор на нивните членови со што Соборот ја завршил својата работа.[116]

Соборските одлуки предизвикале интерес кај печатот од соседните земји, како и кај странските новински агенции. „Танјуг” го пренел пишувањето на грчката „Вима” дека „...со изборот на Доситеј во последен момент е избегната опасноста од остварување на бугарските аспирации во оваа српска област”. „Вима” пишувала дека Доситеј ѝ припаѓал на Белградската епархија што било одлучувачко Македонската црква да биде потчинета на Српската патријаршија. „Ројтер” на 10 октомври јавил дека православното свештенство во Македонија образувало полунезависна Православна црква со владина поддршка која останала во канонско единство со Српската црква.[117] Кратко по Соборот од Охрид на соборските одлуки се осврнал и весникот „Македонска трибуна” со натписот „Уште еден

---

[115] Поглаварот на Македонската православна црква Доситеј на 10 октомври во манастирот Света Богородица во село Побожје, Скопско, го замонашил Никола Трајковски и му го дал монашкото име Климент. На 12 октомври го произвел во чин ѓакон, а на 14 октомври во чин јеромонах. На 19.10.1958 година на литургија во црквата Свети Димитриј во Битола го ракоположил во архимандритски чин. Протосингелот Наум бил ракоположен за архимандрит на 12.10.1958 година. (Гласник на МПЦ, I/1, 1959)

[116] Гласник на МПЦ 1959, I/1, Историски собор.

[117] Архив на МАНУ, ф, Лазар Колишевски, к-45, Папка-2 Пишување на странскиот печат

доказ за србизација на Македонија”. Весникот ја цитирал статијата на американско-канадскиот епископ Дионисиј за „Глас канадских Срба” каде епископот го поздравувал потегот на патријархот за обнова на Охридската архиепископија во рамките на Српската православна црква и под српскиот патријарх.[118]

По завршувањето на Вториот црковно-народен собор, митрополитот македонски Доситеј со овластување од Митрополитскиот соборски управен одбор му се обратил на српскиот патријарх Герман со писмо во кое го информирал за донесените одлуки на Соборот во Охрид, дека тој е прифатен за врховен поглавар на Македонската православна црква и дека Македонската црква останува во канонско единство со Српската православна црква. Во писмото се барало и разрешување од викарната должност што дотогаш ја извршувал Доситеј. На писмото од страна на Српската православна црква немало никакви официјални реакции. Во Синодот очекувале да им биде доставен Уставот на МПЦ. По приемот на соборските материјали, патријархот ја известил Сојузната комисија за верски прашања, а материјалите биле доставени до сите архијереи на СПЦ. Одлуките на Вториот црковно–народен собор предизвикале најразлични реагирања помеѓу епископатот на Српската православна црква. Одредени епископи барале вонреден архијерејски собор на СПЦ и осуда на Соборот од Охрид. Во оваа група епископи спаѓале бањалучкиот владика Василиј, нишкиот владика Јован, загрепскиот Дамаскин и други. Но, преовладала онаа група која била против донесување на избрзани одлуки. Имено, бил донесен заклучок најнапред да се добијат официјалните материјали, а дури потоа да се носат определени одлуки.[119] Речиси, сите епископи во Србија коментирале дека со создавањето на Македонската православна црква се урива единството на СПЦ. Бањалучкиот епископот Василиј барал митрополитот Доситеј и епископите Климент и Наум да се изведат пред

---

[118] Архив на МАНУ, ф, Лазар Колишевски, к-45, Папка-3 Преглед на емигрантскиот печат

[119] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к.1, Нови проблеми у односима МПЦ са СПЦ.

црковен суд и да се прогласат за расколници. Него го поддржувале тимочкиот епископ Емилијан, шабачкиот Симеон и рашко-призренскиот Павле.[120]

Патријархот Герман во разговор со секретарот на Сојузната комисија М. Дилпариќ рекол дека на Соборот во Охрид е прогласена самостојност и дека тоа што тој се споменува како заеднички поглавар не значи ништо. Патријархот бил незадоволен и од Уставот на Македонската православна црква којшто му бил испратен од митрополитот Доситеј.[121]

Во македонските политички кругови, пак, владеело задоволство од одржувањето и одлуките на Соборот. Обновувањето на Охридската архиепископија се оценувало како голем политички успех, бидејќи се заокружувало македонското национално прашање.[122]

Но, по завршувањето на Соборот пред поглаварот и органите на Македонската православна црква стоел проблемот на заживувањето на нормален црковен живот. Тоа не можело да се стори седодека не биле хиротонисани и двајцата избрани епископи. Токму заради тоа било јасно дека треба да се прават нови напори и да се изнаоѓаат нови форми за разбирање со Српската православна црква. Се разбира, ваквата состојба го упатувала раководството на Македонската православна црква на тесна соработка со државата.

Во Републичката комисија за верски прашања неколку месеци по доаѓањето на митрополитот Доситеј во Македонија и изборот за поглавар на МПЦ, оценувале дека тој има желба за одржување чести контакти со членовите на Комисијата, заради одредени консултации во решавање на проблемите и тешкотиите со кои се соочувал тој лично, но, и црквата во

---

[120] Радмила Радић, Држава и верске заједнице..., II/236

[121] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к.1, Разговор со патријархот Герман, 10.11.1958 година.

[122] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к.9, Записник са седнице Комисије за верска питања при Извршном већу НР. Македоније, одржана дана 28.11.1958 године.

целина.[123] Освен тоа Синодот на МПЦ, со цел да се стабилизира црковната организација и за решавање на бројните наталожени прашања од организационен, материјален или кадровски карактер бил упатен да бара поддршка и помош од државата.[124] Во согласност со црковните канони хиротонијата на двајцата епископи можеле да ја извршат најмалку двајца православни архијереи. Во Републичката комисија за верски прашања сметале дека без оглед на дотогашното реагирање на епископатот на Српската православна црква би требало сериозно да се обмислат можностите и да се преземат соодветни мерки, со цел, да се дејствува врз епископите. Во оваа смисла сметале дека треба поактивно да се ангажираат Сојузната и републичките комисии за верски прашања како и да се обноват индивидуалните контакти со одредени архијереи на СПЦ.[125]

---

[123] Државните органи само еден месец по одржувањето на Вториот црковно-народен собор констатираат дека отпочнале да дејствуваат определени струи коишто и претходно постоеле меѓу свештенството. „Имено, поголем број свештеници на еден или друг начин настојуваат да се додворат пред митрополитот Доситеј, да добијат подобра позиција кај него и да им наштетат на оние со кои не се трпат. Во оваа смисла особено активни се покажале протојереј Ѓоко Ангелковски со своето опкружување и Климе Малевски во Битола. Тие особено го напаѓаа протојерејот Нестор Поповски, додека Климе Малевски ја чека секоја прилика на еден или друг начин да го нападне владиката Наум, ова особено го прави пред владиката Климент, кој како што изгледа се уште не може доволно добро да се снајде, а заради својата наивност склон е да потпаѓа под туѓи влијанија. Митрополитот Доситеј досега прилично ладно и резервирано ги прима овие работи и на еден или друг начин со својата смиреност настојува да ги помири духовите. Тој искажува задоволство од доброто држење на протојерејот Нестор, за кого вели дека е многу внимателен како кон митрополитот, така и во односот со другите свештеници. За него вели дека без оглед на тоа што му е познат односот на одредени свештеници, тој не појавил тенденција да ги озборува... ". (Автокефалноста на Македонската православна црква (документи)...,32)

[124] ДАРМ, ф. Републичка комисија за односи со верските заедници, к.9, Некои нови проблеми во односите со Македонската православна црква 14.3.1962 година.

[125] Во Републичката комисија за верски прашања биле правени повеќе нацрт-верзии за идните односи меѓу МПЦ и СПЦ. Во една анализа од крајот на ноември 1958 година се предвидувало во нормализирањето на односите да произлезат заемни права и обврски, така што патријархот на СПЦ спрема МПЦ би имал: „право преку митрополитот да општи со МПЦ; право да истапува во име на МПЦ пред останатите православни цркви (ова

Заради ваквата состојба Македонската православна црква морала да бара начин за нормализација на односите со Српската православна црква. Се сметало дека по тој пат би се створиле услови за хиротонија на новоизбраните епископи Климент и Наум, би се отстраниле сите проблеми, кои дотогаш постоеле, а би се нормализирале и односите со другите православни цркви.

Ова, се разбира, би имало и соодветен позитивен одраз и помеѓу македонското иселеништво. Во државно-партиските структури во Македонија се констатирало дека веднаш по прогласувањето на Македонската православна црква биле покренати иницијативи за формирање на македонски црковни општини, со што добар дел од емиграцијата би се „ослободил од влијанието на ванчовистички и бугарски елементи а преку тоа би се засилило поврзувањето со нашата република и ФНРЈ”.[126]

---

никако не би смеело да се однесува на македонските епархии во странство); право да врши канонски визитации на МПЦ; право преку извештаи да се запознава со проблемите на МПЦ; право да упатува посланија до свештениците и верниците (но, доколку истите бидат општи, а не такви кои ќе се однесуваат само до српските верници); право да учествува во хиротонија на нови епископи на МПЦ; право да биде од страна на македонскиот митрополит споменуван на богослужења. Правата, пак, на Македонската православна црква би биле: „право на македонските архијереи да учествуваат при избор на нов патријарх...Овие права произлегуваат од оправданиот интерес за личноста на патријархот. Имено, ако тој е поглавар и ја презентира МПЦ, тогаш разбирливо е во неговиот избор да учествуваат претставници на МПЦ.; Учеството на архијереите на МПЦ во Архијерејскиот собор на СПЦ да биде на следниот начин; Македонскиот митрополит да биде редовен член на Архијерејскиот собор, право на епископите да учествуваат во работата на Архијерејскиот собор во следните случаи: при избор на патријарх, при третирање на односите со други земји, при заземање ставови за односот со државата, при донесување на нормативни акти од општо значење за православието. Право на македонскиот митрополит да учествува со патријархот на СПЦ во сите преговори со претставниците на народната власт...,право на МПЦ да се снабдува со Свето миро од СПЦ”. (Автокефалноста на Македонската православна црква (документи)...,34-35)

[126] Борче Илиевски, Op.cit, 111.

## V.5. Трет црковно-народен собор – ПРОГЛАСУВАЊЕ НА АВТОКЕФАЛНОСТА

По сеопфатните подготовки на Светиот архијерејски синод, Македонската православна црква го свикала Третиот црковно – народен собор, на 17 јули 1967 година. Во присуство на делегатите претпладнето на 17 јули 1967 година Соборот започнал со работа во катедралната црква Света Софија. Со Соборот раководел поглаварот на Македонската православна црква архиепископот охридски и скопски и митрополит македонски Доситеј. На почетокот на работата делегатите на Соборот извршиле некои дополнувања на Уставот на Македонската прволславна црква, а биле основани и две нови епархии: Дебарско–кичевската и Американско–канадско– австралиската епархија.

Светиот синод на Македонската православна црква пред соборјаните поднел исцрпен извештај за текот низ кој минале односите со Српската православна црква. Соборот едногласно ја одобрил работата на Синодот давајќи му полна поддршка со посебна резолуција во името на свештенството и православниот македонски народ.[127] Во оваа резолуција меѓу другото се вели: „Митрополитскиот црковно–народен собор позитивно го оценува решението на Светиот архијерејски синод на Македонската православна црква да се отфрли обидот на Српската православна црква за ограничување на самостојноста на Македонската православна црква. Имено, со одлуката на Српската православна црква од 1966 година веќе беше надмината платформата за односите меѓу двете цркви па затоа Светиот архијерејски синод на Македонската православна црква беше принуден да ја преиспита положбата и да побара друго соодветно решение".[128] Понатаму во резолуцијата се вели: „Изразувајќи ја волјата,

---

[127] Доне Илиевски, Автокефалноста на Македонската православна црква..., 160 – 161; Славко Димевски, Историја на Македонската православна црква..., 1076 – 1077.

[128] Автокефалноста на Македонската православна црква (документи)...,314-341; Доне Илиевски, Архиепископот охридски и македонски Доситеј..., 101.

желбата и чувствата на македонското свештенство и благочестивите христијани, Црковно– народниот собор со евангелска еднодушност го прима и поздравува ставот на Светиот архијерејски синод на Македонската православна црква за прогласување на автокефалноста на Македонската православна црква”.[129]

Давајќи согласност за прогласување на автокефалност на Македонската православна црква, Митрополитскиот црковно–народен собор изразил длабоко убедување дека ова големо дело ќе биде во полза на светата православна црква и како таква Македонската православна црква ќе биде примена и признаена од сите автокефални цркви. На 18 јули на свечена седница во охридската црква Свети Климент по призивот на Светиот Дух, Синодот најнапред ги пополнил двете новоосновани епархии. За епархиски архијереј на Дебарско–кичевската епархија бил назначен викарниот епископ велички Методиј, а за архијереј на Американско–канадско-австралиската епархија викарниот епископ тивериополски Кирил. По донесувањето на овие одлуки Светиот синод на Македонската православна црква во состав на митрополитот македонски Доситеј (претседавач на Соборот) и преспанско– битолскиот митрополит Климент, злетовско–струмичкиот Наум, дебарско– кичевскиот Методиј и американско–канадско–австралискиот митрополит Кирил ја прогласиле Македонската православна црква за автокефална. Притоа, Светиот архијерејски синод ја донел и Одлуката за прогласување на автокефалноста на Македонската православна црква која гласи:

„1. Македонската православна црква – наследничка на обновената Охридска архиепископија – се ПРОГЛАСУВА ЗА АВТОКЕФАЛНА.

2. На чело на автокефалната Македонска православна црква стои АРХИЕПИСКОП со достоинство „АРХИЕПИСКОП ОХРИДСКИ И МАКЕДОНСКИ”.

---

[129] Ibidem, 102.

3. Диецезата на автокефалната Македонска православна црква се поклопува со границите на македонската национална држава–Социјалистичка Република Македонија.

4. Автокефалната Македонска православна црква како дел од единствената света соборна и апостолска црква, го прима и го чува своето Свето писмо, прописите на сите вселенски и помесни собори, како што го чуваат и другите автокефални православни цркви и го отфрла секое друговерско учење.

5. Автокефалната Македонска православна црква се управува во согласност со Светото писмо, Светото предание, Апостолските преданија, канонитe на светите вселенски и помесни собори и Уставот на Македонската православна црква.

6. Препис од оваа одлука да им се достави на сите автокефални православни цркви, како и на сите епархии и црковни општини на автокефалната Македонска православна црква.

7. Објавувањето на оваа одлука ќе се изврши пред Црковно–народниот собор на Македонската православна црква, свештенството и благочестивите христијани на Светата архијерејска литургија во црквата „Свети Климент Охридски" во Охрид.

8. Оваа одлука стапува во сила по донесувањето. [130]

На 19 јули архиепископот Доситеј и Архиепископскиот црковно-народен собор упатиле писма до патријархот Герман во кои го известиле дека откако Црковно-народниот собор дал согласност и препорака Светиот архијерејски синод на Македонската православна црква прогласил автокефалност и интронизација на архиепископот охридски и скопски и митрополит македонски во ново достоинство што произлегувало од прогласената автокефалност во архиепископ охридски и македонски.[131]

---

[130] Одлука за прогласување на автокефалноста на Македонската православна црква, Весник на МПЦ, IX/5 – 6, Скопје 1967.

[131]Автокефалноста на Македонската православна црква (документи)...,361-365

## V.6. Црковните прилики на просторот на денешната Брегалничка епархија во периодот од 1941 до 1967 година

Почетокот на Втората светска војна на територијата на Кралството Југославија значи укинување на Злетовско-струмичката епархија. Имено по капитулацијата на Кралството Југославија, териториите на кои се простираше Злетовско-струмичката епархија паднаа во рацете на бугарската војска. Веднаш по заземањето, аналогно на Српската православна црква и Бугарската православна црква изврши нова административна поделба на македонските епархии и нова територијална поделба на архиерејските намесништва. Претходно создаденото тело на Злетовско-струмичката епархија се распарчи, нејзиното име се згасна, а нејзините територии се прераспределија на новоформираните црковни тела. Така Кочанската, Кратовската и Штипската околија се приклучиле кон новоформираната Скопско-велешка епархија, а Малешевската, Радовишката и Струмичката околија биле доделени на Струмичко-драмската епархија[132].

На чело на епархиите застанале митрополити кои биле надлежни архиереи на епархии во Бугарија, а во македонските епархии само администрирале.

Од 1941 година парохиите го менуваат називот и се нарекуваат „Енорхии", додека Архиерејските намесништва го задржуваат истиот назив.

Ваквата слика продолжила да се гледа се додека бугарската војска е присутна во Македонија. Со нејзиното повлекување се повлекла и целата бугарска администрација, како и Бугарската православна црква како институција. Со тоа завршиле сите нејзини активности на оваа територија.

[132]Миодраг Периќ, Историско-правните аспекти на односите помеѓу Српската православна црква и Македонската православна црква, Скопје, 1998, 182

# VI. Архивската дејност во Брегалничкиот регион

## VI.1. Архивската дејност во Брегалничкиот регион од 1918 до 1941 година

Како една меѓурегионална институција Брегалничката Епархија е единствен орган кој континуирано дејствувал во овој регион и создавал документарен и архивски материјал кој е значаен не само за локалната историја, туку има огромно значење и за националната историја.

Периодот од 1920 – 1941 година е период на владеење на Великосрбските хегемонисти, кои во свои раце ја имале световната и црковната власт. Тие и преку државната управа и преку црквата ја спроведувале својата Великосрбска хегемонистичка политика во источниот дел на Македонија, или Јужна Србија како што тогаш ја нарекувале.

Сите директиви или барања од Министерството на Верата или од Архиерејскиот Синод на СПЦ, а кои се однесувале на парохиите оделе преку црковните судови кои работеле во составот на намесништвата, а тие пак преку архиерејските намесници до парохиите.

Така, сите директиви од Министерството на Вера се доставувале до Протојерејот на округот Брегалнички, или до Епископот Злетовско – Струмички, а тие пак преку своите служби до намесништвата во Епархијата.

Канцелариското работење на црковната управа во времето на владеењето на СПЦ изгледало вака[133]:

Секој парох во својата парохија имал деловоден протокол во кој биле заведувани сите примени акти и акти кои биле доставувани до Намесништвата и Духовниот суд.

Актите биле заведувани под реден број.

[133]ДАРМ, 10, 319, 003

Сите акти кои биле доставувани од повисоките духовни власти биле уврстувани засебно, актите од световните и воените власти засебно.

Паросите исто така кореспондирале и со паросите од други парохии. Таквата преписка обично се однесувала на вршење брачни испити и венчавања на парохијани од различни парохии.

Секој свештеник покрај неделните верски обреди во црквата во својата парохија, морал да ја средува црковната архива, водел засебни книги на родени, брачно испитани, венчани и умрени, потоа таксени регистри, регистар на протоколите, ревизиони книги, домовници и слично и морал уредно да одговара на доставената пошта.

## VI.2. Архивската дејност во Брегалничкиот регион од 1941 до 1945 година

Со започнувањето на Втората светска војна, македонскиот народ се најде под окупација на бугарските фашистички власти. Српските хегемонисти и високиот Клер со администрацијата на СПЦ масовно ја напуштале македонската територија.

Откако бугарскиот окупатор на територијата на Македонија стационирал голем број на војнички сили, потоа голем број на цивилен и полициски апарат, во тој дел бил доведен и броен егзархиски административен апарат кој бил во служба на окупаторот.

Со доаѓањето на бугарскиот окупатор на територијата на Македонија и црквата претрпува нови организациски промени[134]. Од 1941 година, парохиите го менуваат името и се нарекуваат „Енорхии“, додека Архиерејските намесништва си го задржале истиот назив.

Во однос на канцеларискиот работење, промените исто така биле неизбежни. Сите видови акти се заведувани во таканаречен „Излезен“ (Исходјашти) и „Влезен“ (Входјашти) дневник. Разврстувањето на сите

[134]ДАРМ, 10, 319, 003

видови акти се вршело според содржинска групација, а внатре во групацијата се разврстувале по врста на акти.

Свештениците воделе црковна администрација. Сите сопствени акти ги заведувале во „Исходијашти“ деловоден протокол и под реден број, а примената преписка од другите духовни организации во посебен деловоден протокол.

Најмногу се кореспондирало со Скопско – Велешкиот Митрополит, потоа со високите духовни органи во Софија и со Архиерејските наместништва.

По протерувањето на окупаторот од земјата, црквата во Македонија, а воедно и Злетовско – Струмичката епархија била доведена во потполна дезорганизација како во административен така и во организациски поглед, оставајќи длабоки траги во истата[135].

[135]ДАРМ, 10, 319, 003

# VII. Архив на Брегалничката Епархија

## VII.1. Просторни услови за работа и опрема и кадровска екипираност

Просторното прашање на АРХИВОТ при Брегалничката Епархија во целиот свој развоен пат мошне тешко се решавал. Причините за тоа се повеќебројни и пред се произлегуваат од различните власти под кои била Македонија, а воедно и Брегалничката Епархија. Имено многу од документацијата со која располагала Брегалничката Епархија била пренесена во земјите кои ја окупирале територијата во одреден период и затоа се појавува голем недостаток од документација.

По создавањето на МПЦ и издвојувањето на Злетовско – Струмичката епархија, па до 2001 година, архивската работа не била издвојувана од секретарската. Имено, архивската дејност во Брегалничката Епархија во тој период ја вршел секретарот на Епархијата. Поради тоа многу често доаѓало до дезорганизација и лутање низ документацијата.

Поради ваквата состојба и потребата од сместувачки простор кој ќе може да одговори на тековните потреби, се наметнува прашањето за создавање на наменска просторија во која ќе се остварува архивското работње во Брегалничката Епархија.

Раководните структури на Брегалничката Епархија во овој период прават напори и во 2001 година за прв пат се вработува лице на местото АДМИНИСТРАТИВЕН РАБОТНИК – РЕФЕРЕНТ АРХИВАР. За прв архивар во Брегалничката Епархија е назначена ЖАКЛИНА ТРАЈЧЕВ, која до денес успешно ја извршува оваа должност.

Се наменува и една просторија во Административната зграда за АРХИВА и на тој начин архивската работа се издвојува од секретарската.

АРХИВОТ при Брегалничката Епархија денес располага со две простории во Административната зграда: Едната е ГЛАВНАТА АРХИВА каде се врши прием, средување и обработка на материјалот, а додека

втората е ДЕПО каде се чуваат книги на родени, крстени, венчани и починати. Постојат и НАМЕСНИЧКА и ПАРОХИСКА АРХИВА за кои ќе стане збор подоцна.

За сместување на архивскиот материјал, просториите се опремени со метални полици. Покрај ова, за полесно распоредување, како и за заштита, АРХИВОТ располага и со класори во кои е сместена целосната документација.

АРХИВОТ при Брегалничката Епархија не располага со посебна просторија – читална за научно – истражувачка работа и користење на фондот со кој располага, но е овозможено непречено користење на истите за потребите на граѓаните секој работен ден.

## VII.2. Основна дејност и организациона структура на АРХИВОТ при Брегалничката Епархија

Архивистиката како дејност во Брегалничката Епархија се развива паралелно со црковната дејност во овој регион. Имено создавањето на документите и нивното зачувување е тесно поврзано со секојдневните потреби на човекот.

Имајќи го пред себе фактот дека архивскиот материјал има својство на споменик на културата на еден народ, чија содржина зборува за сите степени на општествено – политичкиот, стопанскиот, културниот, просветниот, социјално – здравствениот живот што се одвивал на просториите на Брегалничкиот регион, веднаш по основањето, АРХИВОТ при Брегалничката Епархија својата дејност ја има насочено кон планска и организирана заштита на архивскиот материјал.

Собирајќи го, чувајќи го, заштитувајќи го, а потоа и објавувајќи го архивскиот материјал, Брегалничката Епархија не само што ги расветли своите права, туку ги расветли и заштити правата на македонската нација во овој регион а и пошироко.

Во однос на организационата структура, АРХИВОТ при Брегалничката Епархија е поделен на четири дела:

- ГЛАВНА АРХИВА
- НАМЕСНИЧКА АРХИВА
- ПАРОХИСКА АРХИВА
- ДЕПО за книги на родени, крстени, венчани и починати

Согласно со оваа поделба, патот на документацијата е следна:

МИТРОПОЛИТ – НАМЕСНИК – ПАРОХ

или обратно

ПАРОХ – НАМЕСНИК – МИТРОПОЛИТ

Документацијата стигнува главно во ГЛАВНАТА АРХИВА, од каде што се распоредува прво во нејзините класори, а потоа доколку документацијата е наменска се препраќа до намесништвото односно парохијата.

Во обратниот случај, доколку треба да кореспондира парохијата со Митрополитот, парохот испраќа до намесникот, а тој пак до Митрополитот. Значи истата документација се среќава и во ПАРОХИСКАТА АРХИВА, и во НАМЕСНИЧКАТА АРХИВА и во ГЛАВНАТА АРХИВА.

Многу е важно да се истакне дека:

**ДОКУМЕНТАЦИЈАТА ВО ЦРКВАТА ВООПШТО НЕ ЗАСТАРУВА. НЕ ПОСТОИ ДОКУМЕНТАРЕН МАТЕРИЈАЛ, НЕ ПОСТОИ ШКАРТИРАЊЕ. ДОКУМЕНТИТЕ КОИ НЕДОСТИГААТ СЕ ОДЗЕМЕНИ ВО ЗАВИСНОСТ ОД ПЕРИОДОТ НА ВЛАДЕЕЊЕ НА ОКУПАТОРИТЕ ИЛИ СЕ УНИШТЕНИ ОД ЕЛЕМЕНТАРНИ НЕПОГОДИ.**

### VII.2.1. Главна Архива

ГЛАВНАТА АРХИВА се наоѓа во Административната зграда во Соборниот храм „Св. Никола“ во Штип.

Сместена е во посебна просторија, опремена со метални полици врз кои се чува документацијата сместена во класори.

Документацијата е средена хронолошки со деловоден број и распоредена во зависност од намената.

Деловодното средување се состои од реден број во деловодникот, датум кога е примен, име на надлежното лице од кого е предметот, датум и број на испраќачот, содржина на предметот, кому е предаден предметот на работа, содржина на решението по предметот, кога се праќа и доколку постои некоја белешка се заведува.

Деловодниот број е редниот број во деловодникот и датумот на прием.

Распоредувањето се врши по четири протоколи:

- ПРАВОСЛАВЕН МИТРОПОЛИТ
- ЕПАРХИСКИ УПРАВЕН ОДБОР
- ЕПАРХИСКИ ЦРКОВЕН СУД
- ЕПАРХИСКО СОБРАНИЕ.

Годишно за секој Протокол се користи најмалку по еден класор, а по потреба и повеќе.

Распоредувањето на документите е на следниот начин: Најпрво еден документ се распоредува во главниот деловоден Протокол, а потоа во класорот за кој се однесува документот. Може да постојат повеќе исти документи во различни класори.

Најстариот документ датира од ноември 1956 година – ПРОПРАТНО ПИСМО, а подоцна од 1957 година датираат буџетски сметки.

Класорите се поделени на следниот начин[136]:

- Светиот Архиерејски Синод
- Црковен народен собор
- Епархиски црковен суд
- Архиерејски управен одбор
- Епархиско собрание (одлуки)
- Цркви по намесништва
- Храмови и манастири
- Свештеници по намесништва
- Монаси

[136]Архив на Брегалничката Епархија, Несреден архивски материјал.

- Покани
- Посланици
- Годишни и месечни извештаи
- Архиерејски наместници
- Диспензации
- Црковен имот и денационализација
- Поседовни листови
- Веронаука
- Богословија и Богословски факултет
- Пензиско и инвалидско осигурување
- Божиќни и Велигденски честитки

### VII.2.2. Наместничка архива

НАМЕСНИЧКАТА АРХИВА ја води Наместникот во своето намесништво.

Во рамките на Брегалничката Епархија постои посебна просторија за НАМЕСНИЧКАТА АРХИВА.

Опремена е со метални или дрвени полици врз кои се чува документацијата сместена во класори.

Документацијата се евидентира во деловоден Протокол каде се регистрираат сите документи за коресподенција меѓу Парохијата и Митрополијата.

Документите средени за чување под реден број и датум од деловодникот.

Најчести документи кои се среќаваат во НАМЕСНИЧКАТА АРХИВА се[137]:

- Месечни извештаи кои се однесуваат на работата на парохијата и се доставуваат до Епархијата за евиденција и контрола
- Сметководствени работи

[137]Архив на Брегалничката Епархија, Несреден архивски материјал.

### VII.2.3. Парохиска архива

ПАРОХИСКАТА АРХИВА ја води секој Парох во својата Парохија.

ПАРОХИСКАТА АРХИВА е сместена во црквата.

Во неа се водат Протоколи[138] за родени, крстени, венчани и починати. Освен ова се среќаваат и сметководствени документи.

### VII.3. Стручна библиотека

Во Брегалничката Епархија постои библиотека која содржи стручна литература која се користи и е во функција за потребите на граѓаните.

Библиотеката на почетокот била формирана за црковни потреби, но подоцна се развила и оформила како библиотека за црковните потреби и граѓаните.

Посебни услови за користење и работа со библиотеката нема: нема посебна просторија и лице задолжено со библиотеката, а услугите ги вршат свештените лица волонтерски. Но, и покрај тоа, за потребите на граѓаните се создадени услови за непречено користење.

Книжниот фонд на библиотеката е различен. Главно книгите со кои располага се со црковна содржина, но постои и литература од општата, националната и локалната историја, а постојат и разни списанија и весници како и книги со различна нецрковна содржина.

Од литературата која се однесува на националната историја се издвојуваат: Средновековна историја на Македонија, Византиска Македонија, Ослободителната војна во Македонија и слично. Покрај наведените поседува и друга литература за историјата на македонскиот народ и личности од Илинденскиот период. Исто така има доста литература

[138]Архив на Брегалничката Епархија, Несреден архивски материјал.

за НОВ во Македонија, како и статии и монографии за народни херои од НОВ во Македонија.

Што се однесува пак на локалната историја, библиотеката при Брегалничката Епархија располага со голем број на статии и монографии за Штип и Штипско, како и литература од сферата на општествено – политичкиот, стопанскиот, образовниот, социјално – здравствениот и културниот живот на просториите на Брегалничкиот регион.

Од списанијата со кои располага библиотеката при Брегалничката Епархија, би ги издвоила следните[139]:

- Службен весник на МПЦ
- Триочник
- Воскресение
- Штипски весник
- Македонија – весник за иселеници
- Некои броеви од весникот на СПЦ

Библиотеката при Брегалничката Епархија располага со весници кои датираат од периодот меѓу двете светски војни, а само два од нив датираат од далечната 1900 година[140]:

- Гласник Православне цркве, Орган Архијерејског Сабора – два броја.

Постои дел на раритетни книги со црковна содржина кои се дел од самата библиотека и тие се чувари на македонското културно наследство.

Книжниот фонд со кој располага библиотеката при Брегалничката Епархија, главно е набавен од сопствени средства, како и со подарок од правни или физички лица.

[139]Архив на Брегалничката Епархија, Несреден архивски материјал.

[140]Архив на Брегалничката Епархија, Несреден архивски материјал.

Книгите се сместени на дрвени полици, класифицирани по содржина, а распоредени по абецеден редослед.

Весниците се распоредени хронолошки, заштитени во картонски класори и лоцирани на полиците наменети за нив.

За полесно ракување со книгите и за нивна подобра евиденција создадена е Библиотечна книга, која датира од 31 март 1994 година.

# VIII. Архивски материјали за Брегалничката Епархија во надлежност на ДАРМ одделение Штип

Покрај документацијата со која располага Архивот при Брегалничката Епархија, сметам дека е потребно во овој труд да се презентираат и податоци за архивските фондови и збирки од Водичот на Архивот – Штип, а се однесуваат на црковната историја, односно Брегалничката Епархија.

Водичот на архивските фондови и збирки дава основни податоци за архивите и архивските фондови што се чуваат во нив.

Податоците што се даваат за секој архивски фонд се состојат од следните елементи[141]:

- Реден број на архивски фонд или збирка
- Назив на архивски фонд или збирка
- Место (седиште) на фондообразователот
- Распон на годините на постоењето на фондообразователот
- Распон на годините на материјалот на архивскиот фонд или збирка
- Количество на архивски материјал
- Среденост на архивски фонд или збирка (информативни средства)

Податоците за сите архивски фондови и збирки содржински се оформени според единствени правила.

[141]ДАРМ, одд. Штип, Архивски фондови и збирки 1993-2005, Скопје, 2006, 7

## VIII.1. Реден број на архивски фонд или збирка

Сите архивски фондови и збирки во рамките на еден архив се нумерирани со непрекината низа на арапски броеви, започнувајќи од бројот 1.

Заедно со арапскиот број, кој го означува Одделението при Државниот архив (броеви од 1 до 10) и редниот број на архивскиот фонд и збирка е употребен во индексите како сигнатура за пронаоѓање во Водичот на бараниот архивски фонд или збирка[142].

## VIII.2. Назив на архивски фонд или збирка

За назив на архивскиот фонд или зирка е земен последниот назив на фондообразователот. Во случај кога архивскиот фонд е познат по по некој поранешен назив, даден е и тој назив.

Називите на архивските фондови, независно од тоа дали оригиналниот назив бил на некој друг јазик, дадени се на македонски јазик со големи букви[143].

## VIII.3. Место (седиште) на фондообразователот

Местото – седиштето на фондообразователот, независно од поранешните називи, се наведува во сегашната форма, на македонски јазик.

---

[142] ДАРМ, одд. Штип, Архивски фондови и збирки 1993-2005, Скопје, 2006, 8

[143] ДАРМ, одд. Штип, Архивски фондови и збирки 1993-2005, Скопје, 2006, 8

Називот на местото е напишан со големи букви, а од називот на архивскиот фонд е одвоен со цртичка[144].

## VIII.4. Распон на годините на постоењето на фондообразователот

Распонот на годините на постоењето на фондообразователот е наведен во заграда, по називот и местото – седиштето на фондообразователот.

Ако фондообразователот се уште постои и дејствува, завршната година на неговото постоење не се прикажува.

Во случај кога годините на постоењето не се со сигурност установени, наместо година се става прашалник.

По распонот на годините на постоење на фондообразователот се става интерпункциски знак точка и запирка[145].

## VIII.5. Распон на годините на материјалот на архивскиот фонд или збирка

Податокот за распонот на годините на архивскиот материјал на архивскиот фонд или збирка се наведува по податокот за распонот на годините на фондообразователот.

За семејните и личните архивски фондови се наведува само распонот на годините на материјалот.

---

[144]ДАРМ, одд. Штип, Архивски фондови и збирки 1993-2005, Скопје, 2006, 9

[145]ДАРМ, одд. Штип, Архивски фондови и збирки 1993-2005, Скопје, 2006, 9

Кај архивските збирки, во распонот на годините на архивскиот материјал се наведува периодот кога материјалот настанал или периодот на кој истиот се однесува, а не периодот кога е формирана збирката.

По податокот за распонот на граничните години на рахивскиот материјал на архивскиот фонд или збирка се става интерпункцискиот знак две точки[146].

## VIII.6. Количество на архивски материјал

Податоците за количеството на архивскиот материјал се наведуваат по податоците за распоните на годините на граѓата на архивскиот фонд или збирка. Количеството се изразува во број на книги, кутии, папки и пакети.

Помеѓу податокот за бројот на одделните технички заштитни единици се става интерпункцискиот знак запирка, а на крајот – точка и запирка.

Под податокот за бројот на техничките заштитни единици се наведува и податокот за количеството архивски материјал, изразен во должински метри. По овој податок се става интерпункцискиот знак точка.

Податоците за количеството архивски материјал во архивските збирки се даваат во единици мерки што одговараат на специфичните видови на материјал во збирките[147].

[146]ДАРМ, одд. Штип, Архивски фондови и збирки 1993-2005, Скопје, 2006, 9

[147]ДАРМ, одд. Штип, Архивски фондови и збирки 1993-2005, Скопје, 2006, 10

## VIII.7. Среденост на архивски фонд или збирка (информативни средства)

Во случај кога архивскиот фонд или збирка е во несредена состојба и не може да се користи за научни и други потреби, се наведува констатацијата „несреден“ или „несредена“.

Меѓутоа, доколку архивскиот материјал на архивскиот фонд или збирка е до одредена мера средена и може да се користи, се наведуваат податоци за средените делови од фондовите – збирките[148].

Најчесто застапените евидентни и научно – информативни средства, наместо нивните целосни називи, се прикажани со следниве кратенки:

СИ – сумарен инвентар

АИ – аналитички инвентар

## VIII.8. Структура на Водичот на архивските фондови и збирки

Водичот на архивските фондови и збирки на Архив – Штип има три дела:

- А. Архивски фондови на државни органи и установи, здруженија, организации и други институции
- Б. Семејни и лични фондови
- В. Збирки

Архивските фондови и збирки се групирани според гранката на дејноста, по групи и подгрупи и периоди, а во согласност со класификационата шема која служи како основа за распоредување на архивските фондови.

[148] ДАРМ, одд. Штип, Архивски фондови и збирки 1993-2005, Скопје, 2006, 10

На корисниците на водичот им се препорачува, пред да пристапат кон барање на податоци за архивски фондови и збирки, да ја проучат класификационата шема, односно принципите и критериумите врз основа на кои е извршено распределувањето на архивските фондови и збирки.

Класификационата шема изгледа вака[149]:

А. Архивски фондови на државни органи и установи, здруженија, организации и други институции

1. Управа и јавни служби
2. Правосудство
3. Воени единици, установи и организации
4. Просветни, културни и научни установи и организации
5. Социјални и здравствени установи
6. Стопанство и банкарство
7. Општествено – политички организации, политички партии, друштва и здруженија
8. Верски организации
9. Друго

Б. Семејни и лични фондови

В. Збирки

## VIII.9. Верски организации

Во овој труд ќе ја разгледаме точката број 8) Верски организации, бидејќи под нејзе се сместени фондовите што се однесуваат на црковната историја односно Брегалничката Епархија.

8. Верски организации[150]

---

[149]ДАРМ, одд. Штип, Архивски фондови и збирки 1993-2005, Скопје, 2006, 12-14

8.1. Источна Православна црква

8.1.1. Грчка црква во Македонија

8.1.2. Бугарска егзархија во Македонија

8.1.3. Српска православна црква во Македонија

8.1.4. Македонска православна црква

8.2. Исламска верска заедница во Македонија

8.3. Евангелистичко – методистичка црква

Во рамките на подгрупите редоследот на архивските фондови е одреден според рангот, а во рамките на истиот ранг – по азбучен редослед на називите на местата – седиштата на фондообразователите.

8. Верски организации[151]

8.1. Источно – православна црква

8.1.3. Српска православна црква во Македонија

Намесништва

205. – Среза Малешевског – Берово (1919 - 1938); 1919/1938: кн.12, кут.2; 0,20

206. – Среза Царевоселског и Малешевског – Делчево (1918 - 1938); 1918/1938: кн.10, кут.4; 0,40

**Парохии**

207. – Блатечко (Парохија Блатечка) – Блатец (1923 - ?); 1923/1937: кн.12, кут.1; 0,10

208. – Злетовска – Злетово (1918 - 1940); 1918/1840: кн.8, кут.2; 0,20

209. – Тркањска – Облешево (1922 - ?); 1922/1941: кн.20, кут.4; 0,40

---

[150]ДАРМ, одд. Штип, Архивски фондови и збирки 1993-2005, Скопје, 2006, 14

[151]ДАРМ, одд. Штип, Архивски фондови и збирки во СФРЈ, Београд, 1982, 210-211

210. – На црква во Русиново (Парохија Русиново) – Беровско (1924 - 1939); 1924/1939: кн.12, кут.1; 0,10

211. – На црква во Смојмирово (Парохија Смојмирово) – Беровско (1930 - 1941); 1930/1941: кн.8, кут.1; 0,10

212. – Сушечко – Дивљанска – Сушица (1920 - ); 1920/1940: кн.3, кут.1; 0,10

**Цркви и манастири**

213. – Цркве „Св. Богородице“ и „Св. Архангела Михаила“ – Берово (1920 - 1934); 1920/1934: кн.6, кут.2; 0,20

214. – Управа на црквата „Св. Илија“ во Долани – Штипско (1931 - ?); 1931/1940: кут.2; 0,20

215. – Црква во Зрновци – Зрновци (1921 - ?); 1921/1938: кн.15, кут.1; 0,10

216. – Црква „Св. Богородица“ – Штип (1905 - 1959); 1905/1959: кн.22, кут.6; 1,00

217. – Манастир „Св. Гаврило Лесновски“ с. Лесново – Пробиштип, (-- ); 1934/1948: кн.1, кут.2; 0,20

Со последната промена во територијалната надлежност на Одделението Штип во 2001 година, со Одлука на Архивот на Република Македонија, Собранието на општина Берово и Пехчево се преотстапени на Одделението Струмица[152]. Со оваа територијална промена преотстапени се следните архивски фондови на одделението Струмица:

[152]ДАРМ, одд. Штип, Архивски фондови и збирки 1993-2005, Скопје, 2006, 6

### 8.1.3. Српска православна црква во Македонија

**Наместништва**

49. 488. (205) – Срез Малешевски – Берово (1918 - 1919); 1918 – 1919; кн.12, кут.2; 1. АИ.

50. 490. (311) – Срез Царевоселски – Малешевски – Пехчево (1935 - 1938); 1935 – 1938; кут.1; 0,1. АИ.

**Парохии**

51. 497. (210) – Русиновска – Русиново (1924 - 1939); 1924 – 1939; кн.10, кут.1; 0,8. АИ.

52. 498. (211) – Смојмировска – Смојмирово (1919 - 1933); 1919 – 1933; кн.12, кут.1; 0,8. АИ.

**Цркви и манастири**

53. 500. (213) – Цркви „Св. Богородица“ и „Св. Архангел Михаел“ – Берово (1920 - 1939); 1920 – 1939; кут.2; 0,2. АИ.

Во првата колона до реден број 53 се опфатени фондовите на општините Берово и Пехчево, а во втората колона се дадени броевите од прегледот на вкупниот број на фондови ПО Штип, а во заградите броевите на фондовите од регистарот[153].

---

[153]Преглед на архивски фондови и збиркиво Општините Берово и Пехчево, ДАРМ, ПО, бр. 18-87/2, 25.05.2001.

# Заклучок

Брегалничката епархија, која е наследничка на Злетовско-Струмичката епархија, е една од најстарите епархии во Македонската православна црква. Во возобновената Македонска православна црква со оваа епархија управувале 5 митрополити, седоиштето на Епархијата отсекогаш било и е во Штип.

Архивистиката како дејност во Брегалничката Епархија се развива паралелно со црковната дејност во овој регион.

Брегалничката Епархија е единствен орган кој континуирано дејствувал во овој регион и создавал документарен и архивски материјал.

Почетокот на Злетовско-струмичката епархија, подоцна Брегалничка бил боспоставен веднаш по завршувањето на балканските војни. Почетокот на Втората светска војна на територијата на Кралството Југославија значи укинување на Злетовско-струмичката епархија.

Кадровското раководство на Злетовско-струмичката епархија хиерархиски се состоело од: Епископ (Епархиски архиерej), Архиерејски наместник и Парох, а во црковно-административен поглед пак, таа се состоела од: Протопрезвитерат, Намесништва, Парохии и Манастири.

Архивската дејност во периодот на окупација на територијата на оваа епархијаа била во функција на остварувањето на големодржавните амбиции на окупирачките сили.

По создавањето на МПЦ и издвојувањето на Злетовско – Струмичката епархија, па до 2001 година, архивската работа не била издвојувана од секретарската, во 2001 година за прв пат се вработува лице на местото АДМИНИСТРАТИВЕН РАБОТНИК – РЕФЕРЕНТ АРХИВАР и денес располага со две простории во Административната зграда.

АРХИВОТ при Брегалничката Епархија е поделен на четири дела: ГЛАВНА АРХИВА, НАМЕСНИЧКА АРХИВА, ПАРОХИСКА АРХИВА и ДЕПО за книги на родени, крстени, венчани и починати.

Освен во Архивот на епархијата, документи од архивскагта дејност во Брегалничката епархија се наоѓаат и во Архивот на град Штип и изложени фотографии во Музеј на град Штип.

# Работна библиографија

## Необјавени архивски материјали


Фондови на Државниот архив на Република Македонија-одделение Штип

1. Злетовска парохија

2. Манастир св. Гаврил Лесновски, с. Лесново

3. Парохија св. Јован Богословски-Богословец

4. Парохија Зрновска-Зрновци, Православна црква св. Димитрија, Зрновци

5. Парохија Сушичка-Сушица, Манастир св. Ѓорѓи, Манастир св. Богородица, Ѓуриште

6. Парохија Тркање, Црковна општина Облешево

7. Управа на храмот св. Илија с. Долњани, Штипско

8. Црква св. Илија Блатец

9. Црква Успенија св. Богородица, Ново Село, Штип

**Литература**


Алексова Блага, Штип низ вековите, Штип, 1986

Апостолов Александар, Злетовска област, Пробиштип, 1974

Апостолов Александар, Манастир „Св. Гаврил Лесновски“, Кочани, 1997

Архиепископ Михаил, Нашето Свето Православие, Кратка историја на МПЦ, Скопје, 1996

АСНОМ (Антифашистичко собрание на народното ослободување на Македонија) Документи од Првото и Второто заседание на АСНОМ том I, книга 1. Избор, редакција и коментари д-р Александар Христов, д-р Миле Тодоровски, д-р Новица Велјановски, Архив на Македонија, Скопје 1984

Ачкоска Виолета, Македонија во Југословенската федерација 29. 11. 1943 – 8. 9. 1991 (хронологија), Скопје, 2001

Балабанов Коста, Галерија на икони, Штип, 1988

Белчовски Јован, Историските основи за автокефалноста на Македонската православна црква, Скопје, 1990

Brosius Maria, Ancient Archives and Concept of Record-Keeping, in Ancient Archives and Archival Traditions, Oxford, 2003

Veljanovski Novica, Za razvitokot na arhivskata slu`ba vo Makedonija, Istorija, III,2, Skopje, 1967

Галев Димитар, Народните училишта во НОВ во Југоисточна Македонија во учебната 1944-1945 година, Штип, 1985

Гласник, Весник на СПЦ, 1921, II/1, 1

Димевски Славко, Историја на Македонската православна црква, Скопје, 1989

Димевски Славко, Охридска Архиепископија, Скопје, 1968

Димевски Славко, Црковна историја на македонскиот народ, Скопје, 1965

Duranti, L., Arhivski zapisi, teorija i praksa, HDA, Zagreb 2000

Zajkovski, T., Upatstvo za sreduvanje na arhivskite fondovi na organite na upravata, opstestveno-političkite zaednici i organizacii na združen trud ..., Makedonski arhivist, VIII/1979

Закон за архивски материјал Сл Весник на Р.М, 2012
Zbornik na dokumenti ASNOM 1944 – 1964, Skopje 1964
Zografski Dančo, O radu, zadacima i nekim problemima Državne arhive u Skopju, Arhivist I, sv. 3, Beograd 1951
Zografski Dančo, Prikupljanje arhivskog materijala u NR Makedoniji, Arhivist I, sv. 1, Beograd 1951
Илиевски Борче, Македонско-Српските црковни односи 1944-1970, УКИМ, Филозофски факултет-Институт за историја, 2011
Илиевски Доне, Архиепископ Охридски и Македонски Доситеј, Скопје, 1995
Илиевски Доне, Автокефалноста на Макдонската православна црква, Скопје, 1972
Илиевски Доне, Смислата на некои отпори против автокефалијата на Македонската православна црква, Скопје, 1970
Илиевски Доне, Свети Наум Охридски 1910-1970, Митрополија Злетовско-Струмичка, Штип, 1971
Илиевски Доне, Македонското православно свештенство во борба за национална и црковна слобода, Скопје, 1987
Karaman Igor, Studije i prilozi iz Arhivistike, Zagreb, 1993
Костадиновски Драги, Вардарскиот дел на Македонија под јуриздикција на Српската православна црква (1919-1941)
Костовски Стефан, Религијата и црквата во социјалистичкото самоуправно општество, Скопје, 1982
Kulundžiċ Zvonikir, Knjiga o knjizi, Zagreb, 1951

Лапе Љубен живот и дело, Материјали од научниот собир одржан на 14 ноември 1995 година по повод 10 години од смртта на академикот, Скопје, 1997

Lekiħ Bogdan, Arhivistika, Beograd, 2006
Лекич Богдан – Архивистика, Завод за уџбенике и наставна средства, Београд, 2002

Luciana Duranti, I documenti archivistici. La gestione dell'archivio da parte dell'ente produtore, Roma, 1997 – prevod na hrvatski - Arhivski zapisi, Teorija i praksa, Zagreb 2000

Миноски Михајло, Авнојска Југославија и македонското национално прашање 1943 – 1946 година, Скопје 2000

Mošin Vladimir, Slovenski rakopisi vo Makedonija, kn. 1, Predgovor, Skopje 1971

Периќ Миодраг, Историско-правните аспекти во односите меѓу Српската православна црква и Македонската православна црква, Скопје, 1998

Петковић Поповић Радмила, Постанак и развој архивистике у Србији и Македонији, Београд, 1972

Петрович Козлов Владимир– Архивистика, Архив, Часопис архива Југославије, 2, 2001

Поповски Антим, Издеглавје нов Витлеем за време на НОБ, Документарно одделение на ИНИ, 11

Прилепчански Венко, Штип, Штип, 1979

Прилепчански Венко, Влахчев Тодор, Соборна црква Свети Никола во Штип, Штип, 1981

Priručnik iz arhivistike, Zagreb 1977

Службен лист на ФНРЈ број 12/50

Стјепан Антољак, Помошни историски науки, Скопје, 1980

Stulli, Bernard, Arhivistika i arhivska sluzba, Studije i prilozi, Zagreb 1997

Taleski Todor, Razvoj na arhivskata služba vo Makedonija, Makedonski arhivist IX-X, Skopje 1980-1981

Трајановски Александар, Возобновување на Охридската Архиепископија како Македонска православна црква и нејзиниот шематизам, Скопје, 2008

Уредба за правата и должностите на православните црковни општини и црковноопштинските самоуправни органи на Македонската православна црква, Скопје, 1979

Upatstvo za izrabotka na klasifikacionen plan, Upatstvo za izrabotka na istoriska beleska i Upatstvo za israbotka na regest, Makedonski arhivist XVII/1988

Устав на Македонската православна црква, Скопје, 1958
Устав на Македонската православна црква, Скопје, 1975
Устав на Македонската православна црква, Скопје, 1961

**Списанија и весници**

Весник на Македонската православна црква